# 20 години активно дејствување
# МКД СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ-КРАЊ



1992 – 2012

# 20 let aktivnega delovanja
# MKD SV.CIRIL IN METOD-KRANJ

**Издавач:**
МКД Св.Кирил и Методиј-Крањ

**Уредници:**
др. Илија Димитриевски
Атанас Продански
Миладин Младенов
Весна Кржовска
Игор Захариев

**Фотографија:**
Даниел Атанасов
Архив на МКД Св.Кирил и Методиј-Крањ
Личен архив на членови на друштвото

**Лектор:**
Весна Алексова

**Дизајн и техничко уредување:**
Игор Захариев

**Соработници:**
Сандра Газинковски
Даниел Атанасов
Зекирија Шаиноски

**Печати:** Печатница Весел
**Тираж:** 1.000 примероци

CIP - Kataložni zapis o publikaciji
Narodna in univerzitetna knjižnica, Ljubljana

061.2:379.82(497.4Kranj)"1992/2012"

MAKEDONSKO kulturno društvo sv. Ciril in Metod (Kranj)
[Dvaeset]
20 godini aktivno dejstvuvanje MKD sv. Kiril i Metodij - Kranj [Elektronski vir] = 20 let aktivnega delovanja MKD sv. Ciril in Metod - Kranj : monografija : 1992-2012 / [urednici Ilija Dimitrievski ... [et al.] ; fotografija Daniel Atanasov, arhiv na MKD sv. Kiril i Metodij - Kranj, ličen arhiv na članovi na društvoto]. - El. knjiga. - Vo Kranj : MKD sv. Kiril i Metodij, 2012

Način dostopa (URL): http://www.mkd-kim.si/monografija/mk.pdf. - Cir.

ISBN 978-961-93412-1-6 (pdf)
1. Dimitrievski, Ilija I. Makedonsko kulturno društvo sv. Kiril i Metodij (Kranj)
264265472

# МОНОГРАФИЈА

**20 години активно дејствување**
**МКД СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ-КРАЊ**

**1992 - 2012**

**20 let aktivnega delovanja**
**MKD SV.CIRIL IN METOD-KRANJ**

Во Крањ, 2012

## Содржина

Вовед

1. Од основачкото собрание на МКД Св.Кирил и Методиј-Крањ до денес
2. Соработка и поврзување со македонски и други културни друштва
3. Почеток на дополнителната настава по македонски јазик, историја, географија и литература
4. Македонски културен центар – МаКуЦ Св.Кирил и Методиј-Крањ
5. Фолклорна секција МКД Св.Кирил и Методиј-Крањ од постоењето до денес
6. Од првите фолклорни настапи до настанување на фолклорната приредба ЕТНО-ФОЛК, КРАЊ
7. Мајски денови на македонската култура
8. Ликовна мултилатерала и работењето на ликовната галерија МКД Св.Кирил и Методиј-Крањ
9. ПРЕШЕРН'ново ОРО во Македонскиот културен центер Св.Кирил и Методиј-Крањ
10. Драмско-рецитаторска секција како поврзувач со современата драмска уметност со групи од Македонија и Словенија
11. Секција за информирање - информациски центар Св.Кирил и Методиј-Крањ со прирачна библиотека и ревиалниот весник Наше сонце
12. Добитници на признанија по повод 20-годишнината од основањето на друштвото

# Вовед

Одбележувањето на јубилејот – 20 години постоење и успешно работење на МКД Св.Кирил и Методиј-Крањ претставува повод за доделување признанија на сите оние кои дале свој придонес во основањето, работењето, зајакнувањето и промовирањето на друштвото, но истовремено и отвара простор да се направи преглед на неговото досегашно дејствување.

Токму тоа сакаме да го споделиме со сите вас: оние кои сте имале можност да учествувате и дадете свој придонес во друштвото, оние кои сте соработувале со друштвото, оние кои имате слушнато за друштвото или едноставно оние кои читајќи ја оваа книга за прв пат се среќавате со друштвото. Затоа по повод 20 години активно дејствување на друштвото ја подготвивме оваа монографија, која може да се разбере како едно потсетување на еден минат период од животот и работата на македонската заедница во Крањ и пошироко.

Се надеваме дека во монографијата се претставени најзначајните настани кои се случувале во 20 – годишното постоење на друштвото и дека сме ги исполниле вашите очекувања.

## Од основачкото собрание на Св.Кирил и Методиј-Крањ до денес



*Глигор Калинов*

Македонското културно друштво Св.Кирил и Методиј-Крањ е формирано на 23.5.1992 година во просториите на собраниската сала на Општина Крањ, во присуство на многубројни претставници на македонската народност од Крањ и другите делови на Словенија, како и истакнати гости од областа на политиката и културата. На собранието беа усвоени Статутот и работната програма на МКД Св.Кирил и Методиј-Крањ, а беа избрани и органите на друштвото. Во културната програма учествуваа музичари од Љубљана и млади рецитатори од Крањ.

Веќе на 12.6.1992 година, на Секретарјатот за општа управа беше поднесена молба за регистрација на друштвото, со список на потписници, записник од основачкиот состанок и Статутот на друштвото во прилог. Наскоро добивме решение за регистрацијата на друштвото.



*Атанас Продански*

За прв претседател на друштвото беше избран г-динот Глигор Калинов. Помеѓу потписниците за формирање на друштво, како правни личности врз основа на Законот за друштва, покрај именованиот претседател беа и Илија Димитриевски, Лидија Јаловец, Методија Јосифоски, Трајче Коцев, Крсте Поп Стефанија, Стојче Стојанов, Љубе Димитров, Боро Цеков и Герасим Кржовски.

Во 20-те години постоење на МКД Св.Кирил и Методиј-Крањ имавме 10 полни мандати на органи на друштвото: Управен одбор, Надзорен одбор и Дисциплинска комисија (Суд на честа). Досегашни носители на функцијата претседател на друштвото биле:

- Глигор Калинов, два мандата (1992 - 1996)
- Атанас Продански, четири мандати (1996 - 2004) и
- др. Илија Димитриевски, четири мандати (2004 - 2012).



*др. Илија Димитриевски*

Моментално избраните членови на органите на друштвото го извршуваат 11-тиот мандат на органи на друштвото. Функцијата претседател ја извршува Игор Захариев.



*Игор Захариев*

Состав на органите на друштвото во првиот мандат (1992 - 1994):

**Претседателство**, подоцна беше преименувано во Управен одбор: Исмет Алиевски, маг. Илија Димитриевски, Марина Јововиќ, Лидија Јаловец, Љупчо Јанчев, Методија Јосифоски, Глигор Калинов, Боро Цеков, Трајче Коцев, Гоче Манчев, Анче Николовски, Киро Тошик и Крсто Поп Стефанија.

**Надзорен одбор:** Добре Арсовски, Атанас Беќарски и Царка Стојанова

**Дисциплинска комисија:** Станко Атанасов, Добринка Атанасова, Атанас Продански и Гојко Велков.

Состав на органите на друштвото во десетиот мандат (2010 - 2012):

**Управен одбор:** др. Илија Димитриевски - претседател, Игор Захариев - сопретседател, Миладин Младенов - потпретседател, Даниел Атанасов - секретар, Методија Јосифоски - благајник, Атанас Продански - управител на МаКуЦ, Методи Златков - раководител на фолклорната група, Венцо Зашев - раководител на спортската секција, Павлинка Стаменковска - раководител на кулинарската секција и членовите Анче Николовски, Пане Кржовски, Крсто Тасев и Јагода Боболинска.

**Надзорен одбор:** Боро Цеков - претседател и членовите Добре Арсовски и Весна Кржовска.

**Суд на честа:** Ефтим Зашев - претседател, членовите Димитри Илиевски и Геро Стаменковски и нивните заменици Гордана Николовска, Душан Симоновски и Стојка Велова.

Горенаведените членови имаат извршувано различни функции во сите останати мандати. Покрај нив, свој придонес за развојот на МКД Св.Кирил и Методиј-Крањ преку работењето во органите на друштвото имаат и следните лица: Раде Стоилов, Грозде Беќарски, Добре Постолов, Добре Ефремов, Методиј Стојчовски, Димитар Димитровски, Весна Младенова, Благица Крстева, Перо Ристовски, Миле Атанасов, Зоран Продански, Билјана Петрова, Билјана Миленкова, Трајче Миленков, Бошко Беќарски, Иле Филипоски, Нина Хладник, Маја Димитрова, Маја Атанасова, Ивица Боболински, Даниел Ефремов, Сузана Ристовска, Зорица Ристовска, Наташа Постолова, Бригита Постолова, Игор Велов, Дарко Атанасов, Боге Димовски, Сандра Газинковски, Соња Цекова Стојаноска, Розика Соколова, Драгана Ефремова, Кристина Савиќ, Џевад Абаз, Намита Субиото, Стојче Стојанов, Ефтим Зашев, Бранко Георгиев,

Бобан Поповски, Данијел Димитров, Димчо Ангелов, Катарина Герасимова, Гојко Велков, Зекирија Шаиноски, Љубен Димкароски, Оливер Илиевски, Милевка Атанасова, Силвана Петрова, Иглика Димитрова, Кристина Јосифоска, Верка Кржовска, Станка Соколова, Даниел Беќарски, Лидија Беќарска, Розетка Стоилова, Сашко Стоилов, Игор Велков, Марија Велкова, Благој Георгиев, Бранко Стојчовски, Благица Георгиева, Ванчо Стојчовски, Маја Стојановска, Силвана Стојановска, Сашка Петрова, Ребека Постолова, Ања Карафатска, Дејан Крстев, Гоце Крстев, Татјана Проданска, Сања Симоновска, Младен Младенов, Мирјам Абазова, Тимка Абазова, Мартин Марков, Дејан Цонкински, Сашка Аксентиева, Сандра Аксентиева, Слаѓана Аксентиева, Данијела Кржовска, Тања Димитрова, Наташа Димитрова, Златко Ангелов, Катарина Божиновска, Александар Крстев, Александар Филиповски, Елизабета Филиповска, Адријана Илиевска, Кети Симоновска, Сашко Стоименов, Тина Стоименова, Александар Миладинов, Мирче Миладинов и други.



*Дел од членовите на Управниот одбор на друштвото во периодот 2010 - 2012*



*Изборно собрание*

Сите споменати, во рамките на своите можности соработувале во работни групи при реализирањето на програмата на друштвото.

## Соработка и поврзување со македонски и други културни друштва

Во поранешна СФРЈ, интернационализацијата и културната размена меѓу републиките и народите на заедничката држава беа програмско водени од страна на државните институции. Бројни културни размени и средбавања овозможуваа контакти со матичната република и народ. Основања на културни друштва на национална основа не беа подржувани, а не се ниту чувствуваше потреба по истите, поради преголемата нагласеност на интернационализмот од страна на државата. Постоеја неформални дружења, во клубови. Еден таков клуб беше клубот на македонски студенти во Љубљана, кој настана како последица на големиот број доселени студенти од Македонија, посебно по земјотресот во Скопје, во 1963 година. Поголемиот дел од овие образовани луѓе ја продолжија својата кариера и си формираа дом во Словенија. Од друга страна, во седумдесетите години, заради брзиот развој на Словенија, овде се доселува и ниско образована работна сила. На тој начин бројот на доселено население во Словенија се зголемува на 10%.

Со осамостувањето на Словенија и распаѓањето на заедничката држава, најголемиот дел Македонци и другите народи се определуваат за новата држава, со што следи културна изолација и доаѓа до физичко раскинување на врските меѓу институциите и меѓу поединци, кои сега се јавуваат како претставници на различни држави. Како последица на тоа се јавува потреба од самоорганизирање заради зачувување на народниот и културен идентитет на припадниците на народите од поранешната заедничка држава, СФРЈ, кои подоцна постанале државјани на Словенија. Во годините по осамостувањето на Словенија, врз основа на Законот за друштва, настанаа бројни друштва на основа на народностно или културно наследство. Денес во Словенија дејствуваат над 100 такви друштва, а меѓу нив 13, програмски го поддржуваат зачувувањето на македонското културно наследство во Словенија. За организираноста и работењето на овие друштва се објавени стручни и други публикации. Друштвата и Сојузот на друштва издаваат свои весници и публикации.

Веднаш по самото осамостојување на Словенија, во 1991 година започнува самоорганизацијата на македонската заедница. На почетокот во потесни кругови на пријатели и истакнати македонски претставници на полето на културата, науката и економијата. Во основа се нудеа два концепта на организираност:



*Неформално дружење во процесот на самоорганизирање*

1. Формирање на матично друштво со седиште во Љубљана и одбори во поголемите градови во Словенија, каде живеат и работат претставници на

македонската заедница и

2. Формирање на самостојни друштва во поголемите градови, кои ќе покриваат поголеми регии и ќе бидат поврзани во Сојуз на македонски друштва во Словенија.


*Неформално дружење во процесот на самоорганизирање*

Победи поддршката за вториот концепт на организираност, по што беа основани иницијативни одбори во поголемите градови и се изведоа подготовки за основачки собранија на културните друштва. Прво беше основано македонското културно друштво „Македонија“ од Љубљана, а подоцна се одржаа и основачки собранија на МКД „Св.Кирил и Методиј-Крањ“, МКД „Билјана“ од Марибор, МКД „Ватрослав Облак“ од Цеље, МКД „Илинден“ од Јесенице, подоцна и во Изола и Копер, Нова Горица и други градови. Во Статутите на друштвата се запишани нивните програмски определби, кои со годишни програми се прилагодуваат на локалните потреби и можности. За соработка меѓу друштвата и размена на програмски содржини се грижи Сојузот на МКД. На тој начин индивидуалните програмски содржини и иницијативи на друштвата, со договор ги вметнуваме во годишните планови на заедничките приредби. Со зголемувањето на економската самостојност преку софинансирање на проекти на општинско и државно ниво, најпрво од страна на Министерството за култура, подоцна и од страна на Јавниот фонд за културни дејности (ЈСКД) на Република Словенија, друштвата самостојно ги реализираат проектите. Така секое друштво постепено воспоставуваше непосредни контакти со соодветни друштва во Словенија, Македонија и други држави од Европа и пошироко.

МКД Св.Кирил и Методиј-Крањ, од самиот почеток, до денес е исклучително активно во развојот на програмата и приредбите. Да спомнеме неколку важни настани:


*Прослава на Стара нова година - Василица*

1. Средбите за Стара нова година – Василица и излетите за Голема Богородица се традиционални културно-забавни приредби од првата година на формирањето на друштвото.
2. На првата годишнина од

основањето на друштвото, 1993 година, секциите во друштвото, за прв пат ги организираа „Деновите на македонската култура“ во Крањ, и ги именуваа „Денови на Св. Кирил и Методиј“, со богата програма и широка палета на настани: сликарска изложба, фолклорна вечер, театарска претстава, шаховски турнир, турнир во мал фудбал, квиз натпревар во знаење од областа на македонскиот јазик, географија, историја и култура и други културни содржини.

3. Свечен почеток на дополнителната настава по македонски јазик беше организиран во 1993 година во Крањ.

4. Организација на фолклорната приредба, ЕТНО-ФОЛК, КРАЊ на која учествуваат фолклорни групи на етнички културни друштва, која до ден денес традиционално се одржува. Потоа се одржуваа слични приредби во организација на заедниците на народностите или поединечни културни друштва, и во следната фаза дојде до вклучување во регионалните средби, во организација на ЈСКД на Република Словенија.



*Пикник по повод Богородица*



*Настап на детската ФГ на 19. Мајски денови*



*ЕТНО-ФОЛК, КРАЊ*

5. Почеток на издавањето на весникот на МКД Св.Кирил и Методиј-Крањ, Наше сонце.

6. Изградба на Македонскиот културен центар – МаКуЦ во 2004/2005 година, во

напуштените простории на Интекс, на адреса Савска цеста 34, со галерија и сала, која фолклорната група ја користи за вежбање. Салата исто се користи за организација на приредби, кои се развија во рамките на проектот Денови на македонската култура коишто подоцна се преименуваа во нови проекти:



*Литературна вечер со Мишо Живковски*




*Свечено отварање на изложбата на Радо Дагарин*

- ЛИКОВНА МУЛТИЛАТЕРАЛА, ликовни изложби на академски уметници од Словенија, Македонија и Западен Балкан
- ПРЕШЕРН'ново ОРО, литературни средби со македонски и словенечки творци
- ИНФОРМАЦИСКИ ЦЕНТАР – НАШЕ СОНЦЕ, изработка и одржување на интернетните страни www.mkd-kim.si и www.mkc-kranj.si, информатичка училница и уредување и објавување на весникот *Наше сонце*.

При реализацијата на нашата програма постојано се среќаваме со недостаток на финансиски средства. Тие останувaат на исто ниво веќе неколку години, покрај тоа што без престанок расте бројот и квалитетот на програмите што ги изведуваме. Економската криза во последните години го намали и така малиот број на донатори.

За полесно спроведување на своите програми во однос на државата и нејзините институции, друштвата се имаат поврзано преку националните Сојузи на културни друштва, од 2003 година во т.н. Координација на КД и подоцна на основа на Законот за друштва, во Сојуз на сојузите на КД во Словенија.

Претставникот на македонската заедница, др. Илија Димитриевски беше првиот и неколкугодишен претседател на Координацијата на КД и подоцна прв претседател на Сојузот на сојузите на КД во Словенија. Резултат на досегашните разговори со државата и Владата на Словенија е формирањето на Советот во Владата на Словенија, во 2011 година.

## Почеток на дополнителната настава по македонски јазик, историја, географија и литература

Во координација и договор со сите македонски друштва во тоа време во Р. Словенија на нашите редовни состаноци едногласно беше одлучено во нашиот статут на друштва приоритетно место да има изучувањето на македонскиот јазик за нашите деца и младинци родени во Р. Словенија.

Со посредство на сите македонски културни друштва и нашата амбасада во Р. Словенија, набргу беше потпишан протокол помеѓу Министерствата за образование на Република Словенија и Република Македонија, за воведување на македонскиот јазик во дополнителната настава во основните училишта во Р. Словенија. По потпишувањето на овај многу значаен протокол, како за МКД, така и за двете држави, во Крањ, во 1993 година се одбележа почетокот на наставата со културна средба во ОУ „Франце Прешерн“, а подоцна се одржа и првиот час по македонски јазик, во ОУ „Матија Чоп“ во присуство на господинот д-р Димитар Бајалџиев, министер за образование и наука на Р. Македонија и господинот Димитар Мирчев, амбасадор на Р. Македонија во Р. Словенија.


*Амбасадорот Мирчев учествуваше на првиот час по македонски јазик во Словенија*

Честа да го одржи првиот час по македонски јазик во Р. Словенија ја имаше госпоѓата Нина Хладник, во присуство на голем број на родители, деца и гости од Македонија и Словенија. Вкупниот број на ученици и младинци достигна бројка од над 34 деца. Ова во Крањ беше само почеток, мотив и анимација, училиштето за дополнителна настава по македонски јазик и национална култура на Р. Македонија да заземе поголем замав во Р. Словенија. Нашите МКД веднаш го превзедоа овај значаен проект во своите друшта, така набргу никнаа групи во Љубљана, Јесенице и Марибор. Набргу наставата почна да ја реализира брачниот пар Митрушевски. За учебаната 1995/1996 македонското министерство за образование и наука веќе ни испрати учител од Македонија, според потпишаниот протокол помеѓу Минстертвата за образование и наука на Р. Македонија и Р. Словенија. Како прв учител беше професорот по македонски јазик, господинот Драган Тушев од Велес.

Од 1996 година па сè до денес наставата по мајчин македонски јазик и национална култура на Р. Македонија, во Р. Словенија ја реализира и изведува Зекирија Шаиноски. МКД Св.Кирил и Методиј-Крањ ја подржа одлуката

на Минстерството за образование и наука. Како одминуваше времето и течеше наставата во нашето друштво во соработка со учителот започана да работат нови слободни ученички и младински секции, како што се: литературна, драмска, рецитаторска, фолклорна и новинарска секција. Сите наведени секции имаа свој придонес во друштвото, како прво настапуваа со свои програмски цели по повод одбележувањето на наши национални, државни и македонски православни празници пред родителите и други гости и пријатели, како и пред истакнати културни и политички работници од Словенија и Македонија. Со одлука на МКД Св.Кирил и Методиј-Крањ и Сојузот на МКД во Р. Словенија, беше договорено сите ученици кои ја посетуваат наставата по македонски јазик да се натпреваруваат во квиз натпреварот „Колку ја позанаваме Р. Македонија?“. Квиз натпреварот се одржуваше во Крањ по повод патрониот празник на друштвото. Квизот стана традиција помеѓу нашите ученици во Р. Словенија и мотив за понатамошно реализирање и изведување на наставата за нашите најмлади македончиња.



*Квиз натпревар помеѓу учениците што посетуваат дополнителна настава по македонски јазик*

Токму во ова време се роди и идејата на крајот на првото полугодие од секоја учебна година и на крајот од учебната година да се организира заедничка средба помеѓу сите ученици кои редовно ја посетуваат наставата по македонски јазик во Р. Словенија, со цел зближување и запознавање помеѓу децата и родители. Такви средби имавме во Марибор, а подоцна ги организиравме во Нова Горица. Сигурно дека оваа наша идеја зближи и запозна многу нашинци, кои потекнуваат од различи делови на Македонија.

Дополнителната настава по македонски јазик и национална култура на Р. Македонија даде голем придонес во афирмацијата на македонскиот јазик, историја, географија, култура, обичаи и традиција. Со самото основање на слободните ученички активности и слобдните младински секции беше голем бројот на нивните настапи по повод нашите традиционални програми и проекти во Словенија и ЕУ. Македонското училиште беше расадник на потенцијални фолклористи, рецитатори, новинари, артисти, пејачи и сѐ што е во доменот на нашата древна и сегашна култура. Од овие секции се роди нашиот развигор *Наше сонце*, достапни бевме

на нашата мајка Македонија, нашите деца и ученици соработуваа и се допишуваа со татковината, беа гости во детските македонски весници: *Другарче*, *Развигор* и *Наш свет*. Ученичките активности во Крањ се запишани и снимени на аудио и видео касети. Имавме гости и пријатели од Македонија, меѓу кои државни секретари на Министерството за образование и наука на Р. Македонија и уредници на детските списанија од Р. Македонија, нашите ученици беа гости во емисијата, *Глас на Татковината,* што ја емитуваше Македонското радио за нашите во дијаспората.

Денес сме поносни и горди на овие генерации, кои на нашето друштво му дадоа свој авторитет и углед во меѓународната јавност, во Словенија и Македонија.



*Најголемиот дел од фолклористите посетувале дополнителна настава по македонски јазик*



*Учениците кои посетуваат дополнителна настава по македонски јазик*

## Македонски културен центар – МаКуЦ Св.Кирил и Методиј-Крањ

Во првите 12 години од своето дејствување, МКД Св.Кирил и Методиј-Крањ немаше свои редовно изнајмени простории за состанување на членовите на друштвото, за чување на фолклорните носии, за вежбање на многубројните секции и подготовка на традиционалните приредби: Денови на Св. Кирил и Методиј, прогласени за недела на македонската култура во Крањ и веќе добро препознатливите средби на фолклорни групи на припадниците на етничките заедници во Словенија, познатиот ЕТНО-ФОЛК, КРАЊ. Многу години фолклорните носии ги чувавме во просториите на ФГ Сава, ЕТНО-ФОЛК фестивалот го организиравме во Културниот дом Примсково, спортските настани се одвиваа во основното училиште Стражишче, а за најзначајните приредби и проби на секциите ги користевме просториите на Културниот дом во Стражишче. Како ново друштво немавме статус на домицилно друштво и моравме услугите да ги плаќаме по полна комерцијална цена, што посебно го оптоваруваше и онака кревкиот буџет. Затоа на 7. изборно генерално собрание на друштвото во 2004 година, кога за претседател беше избран др. Илија Димитриевски, беше донесена одлука за изнајмување и адаптација на просториите во деградираната зона на поранешната текстилна фабрика „Интекс“, на адреса Савска цеста 34, во Крањ. Со наемодавачот потпишавме договор за 10-годишен наем на 250m$^2$ голем простор, со можност за продолжување на истиот.

За реализација на проектот – адаптација на просториите се организиравме во повеќе работни групи. За раководител на градбениот дел го избравме претходниот претседател на друштвото, г-динот Атанас Продански. Во проектот се вклучија и бројни пријатели од различни професии. Употребивме неколку стотици метри цевки за пареа и водовод и ги подготивме просториите за адаптација. Паралелно се одвиваа и други подготвителни активности:

- Подготовка за функционален распоред на просториите: две функционални сали, магацин, кабинет – училница, две гардероби за учесниците и галерија за ликовни изложби. Планот за адаптација бесплатно го изработи дипломираниот архитект, г-дин Александер Клеменчич.
- План за греење, избор на опрема и консултирање при приклучувањето на опремата на јавната гасна мрежа, бесплатно понуди дипломираниот машински инжинер, г-дин Јанез Јереб, преку фирмата Јереб с.п.
- Проценка на трошоците




*МаКуЦ, Савска цеста 34, Крањ*

за адаптација бесплатно подготви градежниот техничар, г-дин Дарко Зорко.

- Добивање на отпишана користена опрема (врати, завеси, маси, столови, ормари, компјутери) од организациите во кои се вработени членови на друштвото.



*МаКуЦ: Модна ревија по повод денот на жената, 8. март*

- За добивање на средства за изградба беа задолжени членовите на Управниот одбор на друштвото, под водство на претседателот на друштвото, др. Илија Димитриевски. Средства се збираа со лични донации на поединци и фирми, со поддршка на амбасадорот на Република Македонија во Република Словенија и Министерството за култура на Република Македонија.

Адаптацијата на просторот беше реализирана во рок од една година. Вкупната вредност на извршената работа беше оценета на 70.000€. Вредноста на доброволната работа беше оценета на повеќе од половината од вкупната вредност на адаптацијата. При адаптацијата на МаКуЦ со доброволна работа соработуваа и бројни членови и приврзаници на друштвото. Посебно треба да се истакнат следните доброволци: Анче Димитров, Атанас Продански, Блага Крстева, Боро Цеков, Данијел Димитров, Дарко Димитров, Димчо Ангелов, Драги Антов, Драги Димитровски, Душко Костадинов, Душан Симоновски, Фиданчо Анакиев, Герасим Кржовски, Грозде Беќарски, Крсто Тасев, Љупчо Боболински, Љубе Димитров, Љубен Димкароски, Љупчо Спасовски, Марија Кошир, Метода Постолоска, Методи Кржовски, Методи Златков, Методија Јосифоски, Миладин Младенов, Миле Атанасов, Димитриј Илиевски, Пане Кржовски, Раде Стоилов, Раде Вангелов, Станко Сарафимов, Стојанчо Николовски, Тошо Костов, Тошо Стојчоски, Венцо Соколов, Веселин Соколов, Зоран Продански, Зоранче Петревски, Михајло Србаковски, Ефтим Зашев, Боже Јанкоски, Иво и Нина Хладник, Илија Димитриевски, Јожек Кошир - Постолоски, Анче Николовски, Илјаз Сабриу, Оливера Чаушевска Димоска, Зоран Балевски, Бранко Костадиновски, Ване Данилов, Драги Ѓоргиев, Младен Соколов, Трајче Андонов, Ванчо Герасимов, Тоде Ананиев, Билјана Атанасова, Величко Петровски, Бранко Тасев, Гоше Анастасов, Димитри Илиевски и други.

## Фолклорна секција МКД Св.Кирил и Методиј-Крањ од постоењето до денес

Во целиот период од основањето па до денес, фолклорната секција е најпрепознатливиот дел од МКД Св.Кирил и Методиј-Крањ.

Македонската фолклорна група од возрасни членови, беше формирана малку подоцна по основањето на МКД Св.Кирил и Методиј-Крањ, односно во мај 1992 година.

Првата генерација, која ја сочинуваа возрасни играорци, ги разбуди Македонците од Крањ и околината, и ги подготви за културна активност. Годините поминуваа, возрасните членови ја напуштаа групата, а бројот на млади фолклористи постојано растеше. Првиот јавен настап на фолклорната секција е евидентиран уште во 1992 година. По неколку годишните успешни настапи во Словенија и соседните држави, квалитетот и богатиот репертоар од ора им овозможи да организираат целовечерни концерти. Во 1996 година, фолклорната група замина на турнеја во Македонија. Во рамките на фестивалот *Скопско лето*, на плоштадот Македонија во близината на камениот мост на Вардар, фолклористите имаа целовечерна фолклорна програма. Следен беше настапот на меѓународниот фолклорен фествал *Илинденски денови* во Битола, подоцна и на многу други фестивали и слични манифестации.

Фолклорната група соработуваше со друштва од Македонија, кои гостуваа во Крањ, а фолклористите од Крањ гостуваа кај нив во Македонија. Настапите се нижеа еден за друг, како во Словенија, така и во Македонија, Италија, Турција, Австрија, Германија и Хрватска. Досега играорците научија многу македонски народни ора, мегу кои се: Жетварка, Источна Македонија, Повардарие, Копачи, Комитско, Седенка, Пирин, Разиграна Македонија, Егејска Македонија, Драчевка, Ѓурѓовден, Битола, Калајџиско, Невестинско, Ратевка-Беровка, Преспа и последното Тетовско оро. Вкупно се 17 ора, претставени во шест различни народни носии. Голем е придонесот на Блага Крстева, и тоа како помошник на раководителот на секцијата во текот на подолг период од работењето на фолклорната група. Кон орото припаѓаат музиката и песната. Народните песни ги учеа заедно со музичкиот ансамбл, во кој покрај Блага Крстева долги години свиреа,таткото и синот Митре и Оливер Илиевски. Подоцна како нови членови, на Блага и се придружија: Филипо Дамјанов на кларинет, Пеце Коминкоски на хармоника, Методи Златков на електро акустична мандолина и Ацо Ѓонески на тапан. Во изминатиот период со фолклорната група раководеа: од 1992 до 1996 година, Стојче Стојанов и Боро Цеков, ментор беше Бранко Георгиев. Од 1996 до 2008 година, Атанас Продански со менторот Џевад Абаз. Од 2008 до 2010 година, Боро Цеков. Од 2010 година до денес, уметнички раководител на фолклорната секција е Методи Златков со менторот Даниел Ефремов. Покрај горе именуваните лица, при учењето на некои од кореографиите соработуваа и Добривоје Манасиевиќ од фолклорниот ансанбл Кочо Рацин од Скопје и Пеце Бакаловски од Културно уметничкото друштво Александар Турунџев од Битола. Фолклорната група е многу активна. Фолклористите

годишно имаат околу 25 настапи, од кои најзначајни се настапите на регионалните средби на фолклорните групи и настапите на ЕТНО-ФОЛК, КРАЊ, фолклорен фестиван кој минатата година по четиринаесетти пат го организираше МКД Св.Кирил и Методиј-Крањ. Од мај 2009 година, вежбите во фолклорнатасекцијазапочнаа да ги посетуваат најмалите членови, чија старост е од 5 години напред. Наскоро оваа група ќе биде најважниот двигател на фолклорната секција. За нивните напори најголема награда се аплаузите и наградите. Во детската фолклорна група постои и подгрупа почетници, деца на возраст од 3 до 8 години. Другата постара возрасна група од 8 до 12 години играат сложени кореографии. Ги подучуваат постарите фолклористи: Розика Соколова, Даниел Ефремов, Драгана Ефремова и Катарина Герасимова.



*Фолклорна група, настап*



*Фолклорна група, настап*

Младите фолклорист имаат голема желба за дружење и учење бројни македонски песни и ора. Покрај тоа се радуваат на настапите, затоа што сакаат да играат и настапуваат пред своите родители и пред воодушевената публика. Гласниот аплауз од публиката, секогаш црта насмевка на нивните лица. Досега имаа неколку настапи, имено настапуваа во нашето културно друштво Св.Кирил и Методиј-Крањ, на детската фолклоријада во Љубљана, во детската градинка во Радовлица и во ОУ Фужине во Љубљана.

## Од првите фолклорни настапи до настанување на фолклорната приредба ЕТНО-ФОЛК, КРАЊ

Првите јавни настапи на фолклорната секција се бележат од 1992 година. Неколкуте години на успешни настапи во Словенија и соседните држави, со квалитетот и репертоарот на научените ора овозможи да се организираат целовечерни концерти. Во 1996 година тргнавме на турнеја во Македонија, а подоцна и уште на многу други фестивали и слични манифестации во: Германија (Лаазен близу Ханновер), Италија, Автрија, Турција, Босна и Херцеговина и Хрватска. Идејата за основање на ЕТНО ФОЛК, КРАЊ настана токму на враќањето од првата турнеја, се потсетува Атанас Продански, тогашниот претседател на друштвото и координатор на фолклорната секција.

„Идејата за формирање ЕТНО-ФОЛК фестивал во Крањ се роди во автобусот на враќање од Германија, каде што бевме поканети од Македонскиот клуб Илинден од Лаазен-Ханновер на меѓународен етно фестивал во организација на градските власти. Научив многу работи поврзани со организацијата на фестивали и со некои мои идеи настана концептот, кој ми служеше за убедување на УО на друштвото за заеднички настап пред Сојузот на македонските културни друштва во Словенија за заеднички проект, во времето кога Сојузот на МКД подготвуваше проект за тендер.“

Имавме среќа кај претседателот на Сојузот на македонските културни друштва, Наум Таштаноски, кој ја подржа замислата за фолклорно среќавање на етнички фолклорни групи и на негова идеја и материјална поддршка се подготвија подароци, грнчарски садови – тави со натпис средба за изведувачките фолклорни групи. Во тоа време нашето друштво веќе имаше реноме како меѓу македонските, така и меѓу другите етнички заедници во Словенија. Фолклорната и музичката секција беа на завидно ниво и беа подготвени да бидат домаќини на првиот фестивал на етнички фолклорни групи, ЕТНО-ФОЛК, КРАЊ во Република Словенија, во организација на несловенско друштво. До тој момент припадниците на другите етнички заедници од поранешна Југославија немале можност за заеднички настап. Со цел да не се направи некоја грешка, подготовките беа долги и темелни. Првиот ЕТНО-ФОЛК, КРАЊ се одржа на 25. јуни, денот на самостојноста на Република Словенија, со што и ние дадовме свој придонес кон прославата на овој празник. После сите подготовки и разговори со етничките друштва од Словенија, разговори со




*5. ЕТНО-ФОЛК, КРАЊ*

претставници на Општина Крањ и поддршка од Министерството за култура на Република Словенија, на состанокот на Управниот одбор на друштвото се одлучивме првиот ЕТНО-ФОЛК, КРАЊ да се организира на 25.6.1999 година во Домот на културата *Примсково* во Крањ. Како потврда на добрата организација беше и програмата составена од 16 различни кореографии, со гости од 3 држави: Германија, Хрватска и Босна и Херцеговина (Република Српска), со траење од 4 часа. Меѓу позначајните гости беа амбасадорот на Република Македонија во Република Словенија, господинот Димитар Мирчев, градоначалникот на Општина Крањ, господинот Мохор Богатај, др. Сузана Радовиќ Чурин, раководител на одделот за културни права на малцинствата од тогашното Министерството за култура на Р. Словенија, претседателите на друштвата чии фолклорни групи настапија и други. Фолклорната група на МКД Св.Кирил и Методиј-Крањ настапи во две подгрупи, започна со *Повардарие* и заврши со *Драчевско*. По завршувањето следеа пофални зборови на сметка на приредбата, со една забелешка, дека предолго траела. Ова го корегиравме веќе на 2. ЕТНО-ФОЛК, КРАЊ, на тој начин што фестивалот го изведовме во 2 дена, кога учесниците се претставија со 13 кореографии. Како спомен подарок за настапувачите, академскиот кипар Саве Стефановски изработи кип *Плесалка*, во кој имаше здружено елементи од различни етнички носии.




*8. ЕТНО-ФОЛК, КРАЊ*

Пред изведувањето на 3. ЕТНО-ФОЛК беше направена селекција, така што на фестивалот настапија 11 фолклорни групи, по што следеа критики дека како организатор, МКД Св.Кирил и Методиј-Крањ отстапило од првобитниот концепт и ги дели друштвата по квалитет.

Затоа на 4. ЕТНО-ФОЛК друштвото се врати кон првобитниот концепт и на фестивалот настапија 19 фолклорни групи, и покрај намалените средства од страна на Министерството за култура, поради поголемиот број на проекти. Затоа програмата беше организирана во еден ден и траеше 3 – 4 часа.

Исто и 5. ЕТНО-ФОЛК беше еднодневен, кога во 3 часа се претставија 18 различни кореографии. Следеше коктел, дружење, забава, размена на контакти, што резултираше со учество на 23 различни кореографии на 6. ЕТНО-ФОЛК, КРАЊ, кои се претставија во 4 часовната програма. 6. ЕТНО-ФОЛК, КРАЊ ќе остане запаметен по настапот на етно групи од Македонија, кога фестивалот беше отворен со 2 зурли и 2 тапана. Покрај традиционалните учесници, бевме домаќини на три друштва од соседна Хрватска. На седмиот ЕТНО-ФОЛК, КРАЊ се

претставија 19 кореографии. По овој фестивал, ЕТНО-ФОЛК-от го преселивме во адаптираните простории на Македонскиот културен центар, МаКуЦ, каде се одржа осмиот по ред фестивал, во оптимален термин, во два дена. На 9. ЕТНО-ФОЛК фестивал се претставија 11 кореографии во првиот ден и 10 кореографии во вториот ден.




*12. ЕТНО-ФОЛК, КРАЊ*

Сличен концепт имавме на 10., 11., 12. и 13. ЕТНО-ФОЛК фестивал.




*13. ЕТНО-ФОЛК, КРАЊ*

Иако последните неколку фестивали ги организираме во наши простории, сепак доаѓаме до сознание дека приредбата ги прерасна нашите клубски простори и треба да се постави во срцето на културните настани во Крањ. Затоа неколку години чекаме на доградувањето на „Лунин врт“, каде би ги изведувале нашите идни фестивали. Се надеваме дека уште оваа година таму ќе го изведеме 14. ЕТНО-ФОЛК, КРАЊ, како јавна приредба со поворка по стариот дел на Крањ.

## Мајски денови на македонската култура

Мајските денови на македонската култура во Крањ или Денови на Св. Кирил и Методиј, посветени на сесловенските просветители, солунските браќа Св. Кирил и Методиј, се најголем традиционален културен проект на Св.Кирил и Методиј-Крањ. Првите години ги користевме просториите на Културниот дом во Стражишче, а од 2005 година со отварањето на Македонскиот Културен Центар во Крањ активностите ги преселивме во него. Годинава, за одбележувањето на дваесет годишнината од постоењето на друштвото, по дваесети пат ќе биде организирана и оваа културна манифестација. Трае од седум до десет дена и опфаќа повеќе приредби: ликовна изложба, литературна вечер во соработка со Филозофскиот факултет од Љубљана, драмска вечер со драмски уметници од Македонија, фудбалски турнир на културни друштва од Словенија, филмска вечер (проекција на македонски филмови), брзопотезен шаховски турнир и завршна фолклорна вечер со настап на македонски фолклорни секции од Словенија и заедничко дружење.

ЛИКОВНИТЕ ИЗЛОЖБИ се во состав на целогодишниот проект ЛИКОВНА МУЛТИЛАТЕРАЛА, кој што опфаќа организација до 6 самостојни ликовни изложби годишно. Стручна поддршка од самиот почеток до изградбата на Македонскиот културен центар нудеше ликовната критичарка Маруша Авгуштин. Со изградбата на галеријата Св.Кирил и Методиј-Крањ бројот на изложби се зголеми, што е голема заслуга на доц. маг. Боге Димовски. Во организацискиот дел свој придонес дадоа и др. Илија Димитриевски и Атанас Продански.

ЛИТЕРАТУРНАТА ВЕЧЕР се организира во соработка со Филозофскиот факултет од Љубљана, а опфаќа гостување и претставување на македонски писатели или поети. Досега гостувале: др. Васил Тоциновски, Ранко Младеноски, Ристо Лазаров, Игор Исаковски, Јовица Ивановски, Мишо Живковски, Елизабета Баковска, доц. др. Владимир Мартиновски и други.

Почеток на овој проект претставуваа предавањата на проф. др. Драги Стефанија од Филозофскиот факултет во Љубљана за сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј и претставување на македонската книжевност и литература. Конечно проектот го осмислија неговата наследничка на катедрата за македонски јазик на истиот факултет доц. др. Намита Субиото со организациска поддршка на др. Илија Димитриевски.



*Свечено отварање на изложбата на Мира Наробе*

ДРАМСКА ВЕЧЕР со

гостување на македонски драмски уметници како што се: Јоана Поповска, Ѓокица Лукаревски, Катерина Коцевска, режисерот Љупчо Георгиевски, театарската група ДС Талија од Скопја со комедијата “Умри машки”, театрска група ДТ Триумфа со трагедијата „Чест“ од Васил Иљоски и со комедијата “Ромео и Јулија” и повеќе едночинки во изведување на драмската група на МКД Св.Кирил и Методиј-Крањ. Како носители на драмската секција се истакнаа Соња Цекова и Весна Кржовска. Едночинката “Со игра против дрогата” доживеа многу репризи во училиштата во Крањ и околината, културните друштва како и во големиот проект во организација на Сојузот на МКД во РС и Музеј на градот Љубљана, под име „Македонците во Словенија се претставуваат“.



*Ѓокица Лукаревски и Катерина Коцевска во МаКуЦ*



*Мајски турнир во мал фудбал*



*Турнир во брзопотезен шах*

ФУДБАЛСКИТЕ ТУРНИРИ се редовна активност на Мајските денови на МКД Св.Кирил и Методиј-Крањ од неговото основање, па сè до денес. Во меѓувреме беше променет концептот од отворен турнир во мал фудбал во турнир на пријателски културни друштва, кои пошироко соработуваат и на други полиња. Како водители на фудбалските турнири се истакнаа Добре Арсовски, Даниел Атанасов и Ивица Боболински, со поддршка на членовите на управниот одбор на друштвото.

ФИЛМСКИТЕ ВЕЧЕРИ се пропратени со проекција на целовечерни и други

документарни филмови на познати македонски режисери. Носители на филмските активности се Весна Кржовска, др. Илија Димитриевски и Игор Захариев.

БРЗОПОТЕЗНИТЕ ШАХОВСКИ ТУРНИРИ се исто така познати активности во состав на Мајските денови во целиот период од 20 годишното постоење на друштвото, на кои земаат учество од 30 до 40 шахисти од различна категорија. Носител на организацијата на шаховските турнири е Станко Атанасов. Како стручен водител на шаховските турнири од почетокот до денес е Вид Газвода.

ЗАВРШНИТЕ ФОЛКЛОРНИ ВЕЧЕРИ се традиционални фолклорни приредби на друштвата што ја одржуваат македонската фолклорна традиција во Република Словенија, пропратени со забава со игри и песни. При поставувањето на концептот на завршните приредби голем придонес дадоа и познати музичари во Словенија, како што се: Љубен Димкароски, член на Љубљанската опера и доц. др. Зоран Митев, музички педагог за фагот и прв фаготист на Словенечката филхармонија.



*Завршна вечер на Мајските денови*



*Музичката група на 18. мајски денови*



*Кулинарика во склопот на 18. мајски денови*

МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ИСЕЛЕНИШТВО
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ДОДЕЛУВА



## "МЕДАЛ СВ. ЈОВАН КУКУЗЕЛ"

на

## *М-р Илија Димитриевски*

За културно издигање на Македонците во Република Словенија

20 Јуни 2000 година
Скопје

Министер за иселеништво
*м-р Мартин Треневски*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИСЕЛЕНИШТВО
* СКОПЈЕ *

Mestna občina Kranj na podlagi 8. člena Odloka o priznanjih v Mestni občini Kranj in sklepa 39. seje Sveta Mestne občine Kranj z dne 8. septembra 2010 podeljuje

# VELIKO PLAKETO

## MESTNE OBČINE KRANJ

## ZA LETO 2010

dr. ILIJI DIMITRIEVSKEMU

za delovanje na področju tehnološkega razvoja, znanosti in uvajanju novih tehnologij in aktivno vodenje Makedonskega kulturnega društva Sv. Ciril in Metod.

Kranj, 2. december 2010

Mohor Bogataj, univ. dipl. org.
župan

## Ликовна мултилатерала и работењето на ликовната галерија Св.Кирил и Методиј-Крањ

Прославите по повод годишнината од основањето на македонското културно друштво Св.Кирил и Методиј-Крањ, кои ги нарековме Денови на Св. Кирил и Методиј, односно Денови на македонската култура во Крањ, имаа секогаш основна цел, да ги промовираат достигнувањата на членовите на друштвото пред јавноста во Крањ и пошироко. Идејата за редовни ликовни изложби на македонски, словенечки и други ликовни уметници од новонастанатите држави од Западен Балкан се роди уште во првите години од работењето на друшрвото. Затоа стапивме во контакт со познатии ликовни уметници и со ликовната критичарка Маруша Августин. За реализација на нашите идеи, Шмартински дом во Стржишче ни даде под наем галериски простор. Акционерското друштво Сава д.д. како наш спонзор ни овозможи бесплатно печатење на материјалите со ликовна критика и на поканите за одредени изложби. Уште во 1995 год. ја организиравме првата изложба на академскиот сликар маг. Боге Димовски и на уметникот Изидор Јаловец. Од тогаш редовно организиравме по една изложба годишно, сѐ до 2005 година, до изградбата на ликовната галерија во Македонскиот културен центар Св. Кирил и Методиј на Савска цеста 34, во Крањ. Тие простории ни овозможија поставување на поголеми ликовни изложби со многу поголем број уметнички дела, отколку до тогаш. Зголемениот опсег од нас бараше уште поголема стручна работа, техничка подготовка и организациска изведба на приредбите. Затоа го поканивме преведувачот на Ликовната академија на Универзитетот во Љубљана доц. маг. Боге Димовски, да биде носител на ликовната дејност. За галериската дејност се определивме да биде проект, кој го нарековме »ЛИКОВНА МУЛТИЛАТЕРАЛА, КРАЊ«, во организација на МКД Св.Кирил и Методиј-Крањ. Проектот е длабоко вкоренет во културниот живот на културните заедници во Крањ и пошироко, и е значаен



*Фолклорната група КАЛИНА во културната програма при отварање на изложба*



*Свечено отварање на изложбата на Агата Павловец*

не само за македонската малцинска заедница, туку и за останатите малцинства и доселеници кои живеат во Словенија. Годишно организираме до шест самостојни изложби. На отварањето на ликовните изложби присуствуваат околу 50 до 100 посетители. Најмалку уште толку личности ја посетуваат во периодот од 3-4 седмици, кога изложбата е отворена за јавност. Отварањето на ликовните изложби е збогатено со квалитетни културни програми од областа на музиката, орото, хорското пеење и македонската кујна.

Во дваесет годишното постоење на Македонското културно друштво Св.Кирил и Методиј-Крањ, организиравме бројни самостојни изложби, пред сè на академски ликовни уметници од Словенија, Македонија и од државите од Западен Балкан. Овде ќе ги спомнеме најпознатите претставници, чии дела се изложувани во галеријата на ДОМ во Стражишче кај Крањ:

**доц. маг. Боге Димовски** (1995 и 1997)

Роден е 1952 година во Ропотово, Македонија. Дипломирал 1978 год. на АЛУ (Академија за ликовна уметност) во Љубљана, магистрирал 1981 година, а 1983 ги заклучил постдипломските студии. Во 1987 година му е поделен, а во 1995 повторно потврден називот доцент. Живее во Крањ.

**Изидор Јаловец** (1995 и 2006)

Роден е 1953 година во Љубљана. Од 1984 година бил член на Сојузот на друштвата на словенечки ликовни уметници и на Ликовното друштво Крањ. Умрел 2011 година.

**Илија Кочовски** (1998)

Роден е 1945 година во Битола, Македонија. Дипломирал на Ликовната академија во Белград. Работел во »група 77« и учествувал на бројни заеднички и самостојни изложби. Живее во Битола.

**др. Никола Грозданоски** (1999)

Роден е 1932 година во Шрбово кај Преспанското езеро во Македонија. Завршил медицински факултет во Скопје, уметнички семинар посетувал кај академскиот сликар Ристо Лозановски и членувал во хрватското здравствено друштво и »група 69«. До 1997 година има организирано 117 самостојни изложби.

**Саве Стефановски** (2000)

Роден е 1952 година во Гостивар, Македонија. Средно уметничко училиште завршил во Скопје, АЛУ во Љубљана. Работи како ликовен педагог, реставратор и скулптор. Живее во Љубљана.

**Љубен Димкароски** (2001)

Роден е 1952 година во Прилеп, Македонија. Дипломирал на АЛУ во Љубљана, работи како музичар во Операта во Љубљана, основач е на етно групите *Струни* и *Пела*, пејач и изработува минијатури од различни материјали.

**Борис Штрукељ** (2001)



*Свечено отварање на изложбата на Болеслав Черу*

Роден е 1951 год. околу Сава, под Шмарна гора кај Љубљана. Завршил средно училиште за обликување во Љубљана, се образувал и на АЛУ во Љубљана, на академијата Larry Johnson во Стокхолм за фотографија и во Grubu, Швајцарија за компијутерски дизајн.

**Ладислав Цветковски** (2002)

Роден е 1965 год. во Скопје. Дипломирал на Факултетот за ликовна уметност во Скопје кај проф. Миладинов, насока графика и графичко обликување. Од 1999 год. работи во студиото за обликување Skenpoint division of Velipar b.v. Netherland во Скопје.

**маг. Татјана Пецевска** (2002)

Родена е 1971 год. во Скопје. Во учебната 1990/91 год. студирала на АЛУ во Љубљана, а дипломирала на Факултетот за ликовна уметност во Скопје, во класата на проф. Костадина Танчева. По 2001 год. продолжила со студии графика во класата на проф. Малиданова. Има реализирано голем број изложби дома и во странство.

**Борис Димкароски** (2004)

Роден е 1977 год. во Куманово. Средно музичко училиште завршил во Љубљана, дипломирал на високото стручно училиште за цртање и сликање во Љубљана.

*Од 2005 год. Македонското културно друштво Св.Кирил и Методиј-Крањ организира ликовни изложби во галеријата Св.Кирил и Методиј-Крањ, во рамките на Македонскиот културен центар, на Савска цеста 34, во Крањ, каде своите дела, меѓу другите ги изложувале:*

**маг. Клементина Голија** (2005)

Родена е 1966 год. во Јесенице. Дипломирала 1990 год. на одделот за сликарство на академијата „Di Belle Arte di Brera“ во Милано, Италија. Магистрирала графика 1993 год. на АЛУ во Љубљана и 1995 год. од областа на сликарството на истата академија.

**маг. Наташа Милованчева** (2005)

Родена е 1967 год. во Скопје. Дипломирала 1993 год. на Факултетот за ликовна уметност во Скопје, магистрирала 2003 год. на истиот Факултет кај проф. Симон Шемов. Од 1999-2005 год. се дообразува во Париз на Cite International des Arts. Вработена е на Институтот за историска уметност и архитектура на Факултетот за

архитектура во Скопје.

**маг. Ирена Јерас Димовска** (2005 и 2009)

Родена е 1960 год. во Крањ. Дипломирала 1985 год. насока сликарство на АЛУ во Љубљана, а магистрирала 1988 год. во областа реставраторство и конзерваторство. Вработена е во Горењскиот музеј во Крањ како конзерваторско-реставраторски советник.

**маг. Љиљана Ергиќ** (2005)

Родена е 1950 год. во Скопје. Дипломирала на Факултетот за архитектура во Скопје и магистрирала на Факултетот за ликовна уметност во Скопје. Од 1980 год. е член на Здружението на ликовни уметници во Македонија.

**Драга Давиткова Ериќ** (2005)

Родена е 1957 год. Средно училиште за обликување завршила во Скопје. Дипломирала 1979 год. на АЛУ во Љубљана, кај проф. Берник, а сликарска специјализација посетувала од 1979 год. до 1981 год. на истата Академија. Работи како ликовен педагог во ОУ во Лог –Драгомер кај Љубљана.

**маг. Алојз Зорман Фојж** (2006)

Роден е 1952 год. во Радовлица. Училиште за обликување завршил во Љубљана, а дипломирал 1981 год. на Академијата за убави уметности во Варшава, каде подоцна магистрирал илустрација. На меѓународни и домашни изложби е претставен како карикатурист, илустратор и автор на плакати.

**Ликовно друштво МЕНГЕШ** (2006)

Претставени се наградените дела на членовите на друштвото на изложбата Златна палата со интересни мотиви, фигури, портрети и апстрактни фигури.

**Нејч Слапар** (2007 и 2010)

Роден е 1945 год. во Стражишче кај Крањ. По завршувањето на гимназијата во Крањ се насочил кон графиката. Соработувал во концептуалистичната група West-East, учествувал на повеќе колонии и е добитник на повеќе награди, меѓу нив и на Големата Прешернова плакета на Општина Крањ.

**Јанез Прапротник** (2007)

Роден е 1947 година во Љубљана. Дипломирал сликарство на Академијата за ликовни уметности во Љубљана.

**Љубомир Ковачевиќ** (2007)

Во уметноста е самоук, по професија е возач. Во 2004 год. постанува член на Ликовното друштво Менгеш, под раководство на доц. маг. Боге Димовски. Ја имаше поддршката од Изидор Јаловец.

**Змаго Пухар** (2007)

Роден е 1952 год. во Крањ. Дипломирал 1977 год. кај професорите Б. Борчич, З. Дидк, Ј. Берник и А. Јемц. Се занимава со подучување на цртање. Има повеке од 50 самостојни изложби дома и во странство.

**Ева Пухар** (2008)

Родена е 1978 год. во Крањ, во уметничкото семејство Пухар. Дипломирала 2004 година на Педагошката академија во Љубљана, насока ликовна педагогика. До 2008 година има четири самостојни изложби.

**Карел Кухар** (2008)

Роден е 1952 год. во Сподна Бесница. Студиски се надоградувал кај академскиот сликар Винко Тушк. Има повеќе од 40 самостојни изложби, дома и во странство. Добитник е на многу награди меѓу кои и на Големата Прешернова плакета на Општина Крањ.

**Бригита Пожегај Мулеј** (2008)

Родена е 1955 година во Марибор. Живее во Радовлица, дејствува како самостоен ликовен уметник.

**Франц Бештер** (2008)

Роден е 1957 година во Згорња Бесница. Дипломирал 1983 год. на АЛУ во Љубљана. Од 1983 до 1989 година работел како ликовен педагог во ОУ Франце Прешерн во Крањ, подоцна 10 години работи како самостоен уметник, од 1999 до 2004 год. е професор по ЛУМ во гимназијата во Јесенице. Има околу 50 самостојни изложби, а се занимава и со пишување поезија.

**Мелита Вовк** (2009)

Родена е 1928 год. во Блед. Дипломирала 1951 год. на АЛУ во Љубљана кај проф. Максим Јакац и проф. Рик Дебељак. Од 1974 до 1978 год. работи во АГРФТ како стручен соработник за сценографија, подоцна како самостоен уметник.

**Лојзе Калиншек** (2009)

Роден е 1956 год. Живее во Сподњи Брник, дипломирал на Педагошката академија во Љубљана. По дипломирањето зема учество на бројни симпозиуми и колонии, дома и во меѓународните простори. Има повеќе од 50 самостојни и над 100 заеднички изложби.

**Винко Железникар** (2009)

Роден е 1952 год. во Љубљана. Дипломирал 1978 година кај проф. Милан Бутин и проф.Јанез Берник. Од 1980 до 1988 год. се занимавал со педагошки работи. Од 1988 год. работи како самостоен уметник. Има повеќе од 40 самостојни и над 100 заеднички изложби и колонии, дома и во странство.

**Болеслав Черу** (2010)

Роден е 1953 година во Љубљана. Имал повеќе самостојни изложби, а исто така учествува на многу заеднички изложби во Словенија и странство. За своите дела добил повеќе признанија.


*Отварање на изложбата на Стојанче Андонов*

**Мира Наробе** (2010)

Родена е 1967 год. во Сиднеј, Австралија. Средно училиште по обликување завршува во Љубљана. Во 1993 год. дипломира сликарство на Педагошкиот факултет во Љубљана кај проф. Херман Гвардјанчич. До 2009 год. има 16 самостојни и 21 заедничка изложба.

**Миранда Леговиќ** (2010)

Родена е 1961 год. во Чаковец, во Хрварска. 1980 год. завршила училиште за обликување на одделот за фотографија во Загреб. Професионално се занимава со фотографија. Има 10 самостојни и 16 групни изложби.

**Радо Дагарин** (2010)

Роден е 1960 година во Љубљана. Студиите ги завршил 1984 година на одделот за ликовна педагогика на Педагошката академија во Љубљана.

**Франц Возељ** (2011)

Роден е 1954 год. во Крањ. Дипломирал 1979 год. на АЛУ во Љубљана, на одделот за сликарство. Во 1981 год. завршил постдипломски студии кај проф. Јанез Берник. Има повеќе од 80 самостојни и над 100 заеднички изложби. Меѓу признанијата е добитник и на Големата Прешернова плакета на Крањ.

**Тадеј Торч** (2011)

Дипломирал 2005 година на Високото стручно училиште, кај професорот Дане Бирса. Имал 5 самостојни изложби.

**Стојанче Андонов** (2011)

Роден е 1980 год. во Кратово, Македонија. Дипломирал на Факултетот за ликовна уметност на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје. Имал повеќе самостојни изложби во родното Кратово, Македонија и во Словенија.

**Франце Мачек** (2011)

Роден е 1933 год. во Логатец, умрел 2010 год. Дипломирал 1957 год. на АЛУ во Љубљана кај проф. Максим Седеј и специјализирал графика кај проф. Божидар

Јакац. Голем број графики од овој автор првпат јавноста ги виде на нашата изложба.

**Бони Чех** (2011)

Роден е 1945 год. во Јесенице. Дипломирал 1970 год. на АЛУ во Љубљана, кај професорите Славко Пенгов, Франце Михелич, Марија Прегла, Николај Омерс и Максим Седеј. Работи како самостоен уметник. Покрај уметност се занимава уште и со скулптурство, графика, керамика и изработка реплики за музеи. Соработувал на бројни самостојни и заеднички изложби и е добитник на голем број признанија.



*Македонската кулинарика е составен дел од отварањето на повеќето изложби*

**проф. Иво Мршник** (2011)

Роден е 1939 год. во Кнежак кај Илирска Бистрица. Дипломирал 1968 год. на АЛУ во Љубљана и се вработил во ОУ Вич во Љубљана. Во 1978 год. се вработил на Педагошката академија и 1998 година станал редовен професор за цртање, графика и методика. Во 2005 год. се пензионира.

**маг. Клавдиј Тута** (2012)

Роден е 1958 год. во Постојна. Учел во училиштето за обликување и на АЛУ во Љубљана. Дипломирал и магистрирал кај проф. Богдан Борчич. Се занимава со сликарство, графика и објекти. Има повеке од 200 самостојни и 300 групни изложби во Словенија и странство. За својата работа е добитник на повеќе од 56 награди, меѓу нив, 2002 год. ја добил Бевковата награда во Нова Горица и 2009 год. ја добил Големата Прешернова плакета на Крањ.

**Агата Павловец** (2012)

Родена е 1973 год. Дипломирала 2002 год. на Педагошки факултет и АЛУ во Љубљана.Соработувала на различни групни изложби, колонии и работилници. Од 2002 год. има повеќе самостојни изложби. Член е на ЗДСЛУ и на Здружение на уметници од Шкофја Лока.




*Свечено отварање на изложбата на Миха Перчич*

**Миха Перчич** (2012)

Роден е 1973 год. во Крањ. Дипломирал 1997 година, а 2002 година ги завршил постдипломските студии на графичка специјалност кај проф. Бранко Сухиј. Работи како самостоен културен работник и е член на ЗДСЛУ.

**Сергеј Андреевски** (2012)



*Свечено отварање на изложбата на Сергеј Андреевски*

Роден е 1960 година во Скопје. Дипломирал 1985 година на Факултетот за ликовна уметност во Скопје. Досега имал 52 самостојни и повеќе од 400 заеднички изложби во Европа, Америка и Азија. Добитник е на 9 национални награди и признанија и неколку студиски стипендии од Италија, Германија и Јапонија.

Како пред точки при отварањето на изложбите во рамките на ЛИКОВНАТА МУЛТИЛАТЕРАЛА се реализираа квалитетни културни програми. Настапуваа различни хорови, музички групи, фолклорни групи, рецитаторски и драмски секции и друго. Меѓу другите ќе ги истакнеме:

**Концерт на фаготистите Оливер Цеков и Игор Велков** (1998 и 1999)

Младите ученици од средното музичко училиште од Велење одржаа концерт под менторство на академскиот музичар Зоран Митев.

**Фолклорна секција на МКД Св.Кирил и Методиј** (1998, 1999, 2000, 2006 и 2009)

ФГ на МКД Св.Кирил и Методиј-Крањ работи уште од 1992 год., од самото формирање на друштвото и е најактивна секција во друштвото, со повеке од 30 настапи дома и во странство. Во фолклорната група учествуваа повеќе генерации играорци и во тој период играорците научија 13 кореографии.

**Дует на флаута и фагот** (1999)

Академските музичари Зоран Митев и Сузана Фурлан-Митев се претставија со одбрани дела за флаута и фагот.

**СТРУНИ Љубљана** (2000, 2001 и 2005)

Групата изведува народна музика од многу народи, најмногу балканска, но нејзина специјалност е македонската народна музика. На сцената опстојуваат од почетокот на деведесетите години. Имаат издадено повеќе носачи на звук. По 2005 год. работат во променет состав.

**Тамбурашки оркестар БИСЕРНИЦА од Ратече** (2002)

Групата постои од 1922 година. Денес ратешките тамбураши ги води г-дин Јанез

Кермеѓ.

**Мандолински оркестар на Младинскиот центар од Скопје** (2002)

Мандолинскиот оркестар дејствува во рамките на Младинскиот културен центар од Скопје брои 40 членови.

**Пејачка група на МКД Св. Кирил и Методиј-Крањ** (2002)




*Културен програм во рамките на отварање на изложба*

Под водство на музичкиот педагог Зоран Митев, младите членови на друштвото за првпат се претставија со македонски хорски точки.



*Сандра Газинковски (родена Симоновска) во улога на водителка на приредба*

**Драмска секција на МКД Св.Кирил и Методиј-Крањ** (2004 и 2010)

Младите членови на друштвото и учениците од дополнителната настава по македонски јазик се претставија со квиз на знаење по македонски јазик, историја, географија и култура, како и со извадок од едночинката Лекција од Еуген Ионеску. Оригиналната изведба на извадокот е „Со игра против дрогата", која исто така е во изведба на драмската секција на МКД Св.Кирил и Методиј-Крањ.

**Концерт на групата БАКЛАВА од Скопје** (2005)

Групата БАКЛАВА е една од најпрепознатливите македонски групи, која се занимава со интерпретација на оригинални народни препеви.

**КУД ДРИМКОЛ од Вевчани, Македонија** (2005)

Фолклорната група спаѓа меѓу квалитетните изведувачи, кои ја негуваат македонската фолклорна традиција. Се претстави со шест кореографии, со својата инструментална група и со соло пеачи.

**Вокална група ПЕЛА од Љубљана** (2005)

Се работи за доста активна вокална група. Во само 1,5 година од основањето остварила 90 настапи во Словенија, Македонија, земјите од Западен Балкан и

Италија. Групата е под водство на академскиот музичар Љубен Димкароски. Негуваат изворни македонски песни.

**Машки ловечки певски хор од Медводе** (2006 и 2009)

Хорот веќе 35 години ја негува традицијата на убаво машко хорско пеење. Имаат настапувано во повеќе европски држави, а се во контакт со ГМХ „Вардар“ од Скопје и слични хорови. Имаат издадено две касети и едно ЦД.



*Мешан певски хор Билјана, Љубљана*

**Мешан певски хор БИЛЈАНА од Љубљана** (2006, 2007, 2008 и 2011)

Мешаниот хор работи како секција во МКД „Македонија“ од Љубљана, од 1992 год. Покрај македонските народни песни изведуваат и словенечки и песни од другите народи.

**Мешан пеачки хор „Pohodi me nežno fušaj nadležno“, Крањ** (2007)

Пензионерскиот мешан пеачки хор го сочинуваат љубители на хорското пеење на народни песни.

**Трио „SPIRTUELLE“ Жалец** (2007)

Три академски музичари: Александар Кузмановски на виолончело, Марта Кузмановски-Коберски на флаута и Тамара Повх на клавир подготвија концерт од избрани дела.

**Крањски квинтет** (2008)

Крањски квинтет е вокална група која настапува повеќе од 18 години. Годишно имаат над 30 концерти. На нивниот репертоар имаат повеќе од 300 песни, препеваат и словенечки народни песни.

**Крањски фурмани** (2008)

Крањски фурмани се секција на Академската фолклорна група ОЗАРА од Крањ. Изведуваат пред сè заборавени, горењски песни со љубовна, војничка, верска и хумористична содржина. Настапуваат самостојно дома и во странство или во состав на АФС ОЗАРА.

**ELWI RWANKUBA** (2008)

ELWI бил еден меѓу најдобрите гитаристи за време на школувањето во музичкото

училиште во Крањ, кај менторката Наташа Богатај. Студиите ги продолжи на Правниот факултет во Љубљана, но сѐ уште останува верен на шпанскиот ритам и класичната гитара.



*Изложба на Миранда Леговиќ*

**Машки хор „Шмартин“, Крањ** (2009)

Хорот е под водство на Милан Бајжељ, и веќе десетина години пее на неделските богослужби. На својот репертоар имаат разновидни песни. Соработуваат со многу хорови.

**Машки хор „Стив Наумов“ од Битола** (2009)

Хорот работи од 1944 год. Од 1969 год. го води диригентот Љубомир Трифуновски. Високиот квалитет и широкиот репертоар, најтешките хоровски изведби на хорот му ја отворија вратата за бројни настапи по европските држави.



*Настап на музичкото училиште Крањ*

**„Слутња полетја“ од Крањ** (2010)

Тоа ансамбл, кој негува најразлични видови музика, како што се блуз, танго, свинг и етно. Се работи за француско обоен звук на хармоника, хипнотички израз на виолончело, вонземјански дувачки инструменти и прекрасен вокал во придружба на хумористични удиралки.

**ВИС „Калем“** (2010)

Групата е еднакво посветена на автентичната и на преработената традиционална музика. Наменета е за љубителите на етно музика, кои ја ценат авторската експериментална импровизација во контрапункт со духот на сегашноста.

**KD MePZ “Musica viva” Primskovo-Kranj** (2010)

Хорот е формиран 1946 година. Негуваат народни и песни од другите народи. Бројните гостувања дома и во странство зборуваат за квалитетот на хорот. Добитници се и на Голема Прешернова плакета на МО Крањ. Имаат издадено два носачи на

звук.

**Шундр бенд** (2010)

Групата е основана во 2009 год. Препејува песни од словенечки автори, настанати деведесетите години од минатиот век (Leteči potepuhi, Zmelnikow, Californija и други).

**Музичко училиште Крањ** (2011)

100 - годишнината од основањето на училиштето беше главна причина да ги поканиме учениците од музичкото училиште на приредба во организација на МКД Св.Кирил и Методиј-Крањ.



*Брошурата е составен дел на секоја изложба*

**Рецитаторска секција КД „Горњи град“** (2012)

На празнувањето на културниот празник во Крањ, секцијата се претстави со рецитал на словенечка поезија. Се претставија со дела од др. Франце Прешерн, Драготин Кете, Ервин Фриц, Тоне Павчек, Мила Качич и Нежа Маурер.

**МФГ „Калина“ од Љубљана** (2012)

Основана е 2007 година. Работи како секција на ШКД Модрина во составот на Младинска книга. Ја сочинуваат играорна, пејачка и инструментална секција, кои ги сочинуваат припадници од различни националности. Членовите го негуваат македонскиот фолклор и создаваат врска меѓу културите на двата народа.

**Детска фолклорна група Св.Кирил и Методиј-Крањ** (2012)

Основана е во 2010 год. Во детската група членуваат 18 девојчиња и 5 момчиња на возраст од 5 до 12 години. Покрај настапите во друштвото имаат учествувано и на Детската фолклоријада во Љубљана, во градинката во Радовлица, на приредби во ОУ во Фужине, на општинскиот фестивал во Горњи град и на фестивалот „Рингараја“ во Крањ.

## ПРЕШЕРН’ново ОРО во Македонскиот културен центер Св.Кирил и Методиј-Крањ

Традицијата за читање поезија во МКД Св.Кирил и Методиј-Крањ произлегува уште од формирањето на друштвото, кога во Словенија учесници со голем ентузијазам ја рецитираа песната Т’га за југ, од Константин Миладинов, читаа песни од др. Франце Прешерн и други словенечки поети. Традицијата за рецитирање и читање поезија, ја продолжија учениците од дополнителната настава по македонски јазик во Словенија, на бројни настапи и приредби кои ги организираше нашето друштво и другите македонски културни друштва во Словенија. Во рамките на празнувањата на годишнините на друштвото, организиравме бројни предавања на тема: Придонесот на браќата Св. Кирил и Методиј во описменувањето на словенските народи, како и бројни придонеси од областа на достигнувањата на македонската и словенечката поезија и проза. Овде ќе наброиме неколку значајни приредби:

| Година | Изведувач | Тема |
|---|---|---|
| 1995 | проф. др. Драги Стефанија | Животниот пат на браќата Св. Кирил и Методиј |
| 1996 | проф. др. Драги Стефанија | Значењето на Св. Кирил и Методиј во описменувањето и вклучувањето на словенските народи на картата на културна Европа. |
| 1997 | проф. др. Драги Стефанија | Македонската литература од 9. до 19. век |
| 1998 | проф. др. Драги Стефанија | Историја на македонската книжевност |
| 1999 | проф. др. Драги Стефанија | Современа македонска литература и книжевност |
| 2000 | доц. др. Катарина Велјановска | Браката св. Кирил и Методиј и нивното влијание врз македонската книжевност |
| 2001 | проф. др. Огнен Бојаџиски | Св. Кирил и Методиј се покровители на Европа |
| 2002 | др. Лидија Димковска | Модерна македонска љубовна поезија |
| 2004 | Дарко Јан Спасов | Религијата и митологијата на старите Словени |
| 2005 | Соња Цекова Стојаноска | Македонска драматика |
| 2006 | доц. др. Намита Субиото | Модерна словенска и македонска книжевност и литература |
| 2010 | др. Илија Димитриевски | Значењето на св. Кирил и Методиј во описменувањето на Словенските народи |

Тие средби ги збогативме со вклучување на познати македонски и словенечки поети. Една таква успешна средба имаше на 9.3.2001 год. во Културниот дом во

Стражишче, меѓу два писатела: Киро Донев, македонски творец на детска проза и познатата поетеса и педагогиња Нежа Маурер. Успешната средба не охрабри да продолжиме со уште посмели проекти. Повеќе пати размислувавме за активно учество на друштвото во прославата на словенечкиот национален празник на културата, 8. февруари, со поетски средби на писатели од двете држави и подоцна да вклучиме и други народи.

ПРЕШЕРН'ново ОРО, КРАЊ 2006

Во 2006 година успеавме да договориме средба која се спроведе на 11. февруари во просториите на Македонскиот културен центар во Крањ, со следните поети: Нежа Маурер, Славица Штирн, Херман Облак, Томаж Штурм, Мира Велкаврх, Марија Крајник и Агата Тројар од Словенија, Васил Тоциновски, поет и уредник на ревијата Стремеж, како и Ранко Младеноски, поет од Македонија.

Проектот го нарековме ПРЕШЕРН'ново ОРО, Крањ 2006 со цел создавање и зацврстување на врските меѓу поетите со македонското традиционално оро и Прешерновиот град, Крањ, за време на најголемиот словенечки културен празник, 8. февруари.

На средбата, гореспоменатите поети ги претставија своите најнови трудови. Приредбата ја водеа Агата Тројар на словенечки и Соња Цекова на македонски јазик, првата како активна поетеса, а втората како поетеса и преведувач од двата јазика. Дружењето меѓу поетите продолжи со народно оро. Честа да го отвори орото им припадна на присутните творци, кои имаа поддршка од фолклорната секција на МКД Св.Кирил и Методиј-Крањ. Резултат на таа средба е објава на песните на сите поети кои учествуваа, во македонски превод, во литературниот весник *Современост* број 2, 2006, Скопје, под уредништво на др. Васил Тоциновски.

ПРЕШЕРН'ново ОРО, КРАЊ 2007

Во 2007 година ги организиравме вторите средби кои се случија на 10. февруари, во Македонскиот културен центар во Крањ, во соорганизација со друштвото Апокалипса од Љубљана, во рамките на фестивалот „Ревија во ревија". На средбите учествуваа: Ристо Лазаров, Игор Исаковски, Јовица Ивановски, сите од Македонија и Примож Репар, Изток Осојник и Јуре Новак, сите од Словенија.

Приредбата беше двојазична. Преводи на песните во македонски и словенечки јазик претставија поетите со читање песни, најпрво во изворниот јазик, подоцна нивните колеги читаа со превод. На средбата македонските и словенечките литературни уметници успешно ја претставија долгогодишната соработка мегу двете држави, на полето на културата, меѓу следните литературни весници: *Блесок* и *Наше писмо* од Македонија, како и *Апокалипса* од Словенија.Во декемврискиот број на македонските весници во 2006 год. излегоа песни, кратка проза, есеи и други прилози на словенечки автори (во македонски превод), во Апокалипса, во тогашните последни броеви беа претставени македонски автори (во словенечки превод). Издавачката кука „Апокалипса" истата година ја објави

создадената песна „Хераклеј“ од Ристо Лазаров, во превод на Алеш Мустра.

ПРЕШЕРН’ново ОРО, КРАЊ 2008

Во 2008 година средбите се одвиваа на 8. и 9. февруари, во просториите на Македонскиот културен центар во Крањ. На словенечкиот културен празник, на 8.2.2008 год. отворивме самостојна изложба на Ева Пухар, а љубителите на македонската народна музика, вечерта ја продолжија со оро. Следниот ден програмата ја продолживме со:

- Предавање на доц. др. Намите Субиото од Филозофскиот факултет, на Универзитетот во Љубљана, со наслов: „Македонска фантастична проза – од народни извори до модерна поетска фантазија“.
- Промоција на преводот на книгата модерна македонска поетска фантазија со наслов „Во месечниот свет“, во превод на студентите по македонски јазик, на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Љубљана.
- Рецитирање песни и читање приказни за вампири, од македонски народни извори.

ПРЕШЕРН’ново ОРО, КРАЊ 2009

Во четвртата година од работењето на проектот „ПРЕШЕРНОВО ОРО, КРАЊ“ првиот ден, во Планет Туш, го претставивме писателот на проза и поезија Мишо Живковски, на македонски јазик како и превод на неговите дела на словенечки јазик. Стручна промоција подготви Соња Цекова Стојаноска. Тема беше неговата најнова збирка песни, со наслов „Ние“. Свој настап имаше и фолклорната група на МКД Св.Кирил и Методиј-Крањ. На вториот ден од прославата во Македонскиот културен центар повторно се претстави поетот Мишо Живковски. Потоа следуваше отварање на самостојна изложба на академската сликарка Мелита Вовк, во ликовната галерија на МКЦ Св.Кирил и Методиј-Крањ на Савска цеста 34, во Крањ, и концерт на машкиот хор Шмартин од Стражишче. Крајот на приредбата беше кулинарично обоен.

ПРЕШЕРН’ново ОРО, КРАЊ 2010

2010 година веќе петти пат го реализираме проектот, кој го карактеризираа средби помеѓу поети и писатели од Македонија и Словенија, кои двојазично ги претставија своите дела и учествуваа на тркалезна маса во Љубљана и Крањ. Ана Дрк и Алја Цахаријас, студентки на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Љубљана, подготвија семинарски и дипломски работи на тема : Творењето на два млади македонски поети: Елизабета Баковска и Јовица Ивановски. Последниот беше наш гостин на 3.12.2010 год., на празникот на МО Крањ, во просториите на Македонскиот културен центар во Крањ. На тркалезна маса се разговараше за неговото творештво.

ПРЕШЕРН’ново ОРО, КРАЊ 2011

Проектот го реализиравме во две фази:

- 27.10.2011 година бевме домаќини на македонската писателка Елизабета Баковска, која својот литературен опус го претстави пред студентите по македонски јазик и книжевност на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Љубљана, и на тркалезна маса во Македонскиот културен центар во Крањ. Тркалезната маса ја водеше доц. др. Намита Субиото. Приредбата ја заокруживме со отварање на самостојна изложба на академскиот уметник Бони Чех, како и со вечер на македонската култура и македонско оро.
- Вториот дел од приредбата го реализиравме во рамките на општинскиот празник на градот Крањ, кој се празнува на денот на раѓањето на најголемиот словенечки поет др. Франце Прешерен, и се одржа под наслов ПЕСНА - СЛИКА - МУЗИКА, на 1.12.2011 год. со средба на македонскиот писател и музичар доц. др. Владимир Мартиновски со студентите по македонски јазик на Филозофскиот факултет во Љубљана и со љубителите на македонската поезија во МаКуЦ во Крањ. Авторот го претстави др. Намита Субиото, доцент на катедрата за македонски јазик и книжевност на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Љубљана.




*Литературна вечер со Јовица Ивановски*



*Литературна вечер со Елизабета Баковска*



*Литературна вечер со Владимир Мартиновски*

## Драмско-рецитаторска секција како поврзувач со современата драмска уметност со групи од Македонија и Словенија

Драмската секција на културното друштво во текот на своте 20 години подготви неколку претстави во лична изведба. Освен тоа се поврза и со театри и драмски групи од матичната држава, кои беа гости на приредбите на Мајските денови, посветени на браќата Св. Кирил и Методиј. Соработувавме и со професорката Намита Субиото од Филозофскиот факултет од Љубљана, чии студенти често гостувале во нашето друштво, претставувајќи се на македонски јазик.

Следат некои поважни претстави, кои биле изведени во организација на МКД Св.Кирил и Методиј-Крањ:

21.5.2004 година, Дом на културата во Стражишче

Во Домот на културата во Стражишче настапи Македонски народен театар од Скопје со претставата *Домар*. Автор е Пинтар Харолд, режија е Трајче Георгиев.

28.5.2006 година, Прешернов театар Крањ

Драмска вечер со модерна приредба на познатата македонска драма „Македонска крвава свадба“ во изведба на ТЕАТАР 57, Младински културен центар, Драмски аматерски центар од Скопје.

23.11.2007 година, МаКуЦ

Аматерскиот театар ЈАК ТРИУМФА од Битола настапи со претставата *Чест* од Васил Иљоски. Претставата ја режира Александар Лозановски.

30.5.2008, МаКуЦ

Драмската претстава *Како да ја убијам жена ми и зошто?* ја изнасмеја публиката. Професионалните актери од народниот театар од Скопје, Катерина Коцевска и Ѓокица Лукаревски одиграа една незаборавна комедија со комична содржина која освои громогласен аплауз од публиката.

22.5.2009, МаКуЦ

Јоана Поповска во *Љубов моја* (монодрама)



*Јоана Поповска во МаКуЦ*

Монодрамата *Љубов моја*, во изведба на Јоана Поповска, во режија на Љупчо Гергиевски е дел од репертоарот на Мал драмски театар од Битола. Основен мотив на драмата е љубовта како главна движечка сила во животот. Јоана Поповска е угледна македонска театарска и телевизиска актерка, која на сцената е присутна повеќе од 40 години. Во својата богата актерска кариера има настапувано во повеќе од 300 улоги во светски, европски и македонски драми. Добитник е на повеќе награди и признанија. Јоана Поповска е родена 1943 година во Скопје.



*Извадок од Умри машки*

22.5.2010 година, МаКуЦ

Успешна премиера на комедијата *Умри машки* од Алдо Николај.

Премиерно беше прикажана претставата *Умри машки* во продукција на Триумфа и копродукција на здружението за драмска уметност Талија од Скопје. Автор на претставата е Алдо Николај, во режија на Бисера Бендевска. Претставата ги третира машко-женските односи и изобилува со траги-комични ситуации, од кои може на момент да ви запре здивот, но и на момент да се насмеете до солзи. Настапија: Александар Џумковски, Александар Стефановски и Драгана Левенска.

20.5.2011 година, МаКуЦ

*Ромео од СДСМ и Јулија од ВМРО*

Во време на предизборие во Република Македонија, комедијата *Ромео од СДСМ и Јулија од ВМРО* беше правиот избор на драмска претстава. „Ромео од СДСМ и Јулија од ВМРО“ е шекспировата „Ромео и Јулија“, гледана низ призмата на денешницата. Со претставата младите актери го изразуваат својот револт и го исмејуваат интензивното



*Извадок од Ромео од СДСМ и Јулија од ВМРО*

присуство на политиката во секојдневниот живот на Македонецот. Дејствието на претставата содржи иста тематика како шекспировото дело, адаптирана на денешницата. И овде се раѓа љубов меѓу двајца млади - Ромео и Јулија, чии семејства се членови на спротиставени политички партии. На почетокот тие не ја одобруваат и дозволуваат оваа љубов, но на крајот попуштаат, љубовта победува и претставата завршува со среќен крај.

Улогите во претставата професионално ги одигра три члената група актери од ДТ Триумфа од Битола, која ја сочинуваа Александар Лозановски, Бисера Бендевска и Анамарија Гроздановска. Претставата е во режија и адаптација на Александар Лозановски и Бисера Бендевска, а во продукција на ЈАК Триумфа од Битола, Македонија.

Во јуни 2006 година во МаКуЦ, настапија студентите на Филозофскиот факултет од Љубљана. Го реализираа драмскиот текст *Жив чоек* од Горан Стефановски. Студентите студират хрватски, српски и македонски јазик со книжевност, а настапија на македонски.

Улогите ги толкуваа: Андреја Мулец, Тимотеј Сенчар, Маја Мандоска, Јелена Милјковиќ, Петра Јуриќ, Сара Немц и Грегор Коваќиќ.

Настапи, кои ги подготвија членовите на драмската секција на МКД Св.Кирил и Методиј-Крањ:

УЧЕНИК

Настапија: Соња Цекова (сега Цекова Стојаноска) како Пеце, Билјана Петрова (сега Цвјетиќанин) како учителка, Марина Тасева (сега Златанова) како Гоце, Сашка Петрова (сега Велиновска) како Билјана. Автор и сценограф: Соња Цекова.

Тоа беше едночинка, во оригинал напишана на македонски јазик. Драмата е од времето на Соњините творечки почетоци (период на гимназиските денови) и е нејзина прва драмска творба.



*Дел од членовите на драмската секција МКД Св.Кирил и Методиј-Крањ*

Главниот лик е ученикот Пеце, кој повеќе го сака училиштето на животот отколку класичната настава со тетратки и учебници. Тој е темпераментно дете, кое сака да се пошегува со другите, секогаш е насмеан, позитивен и на светот гледа со своите

невини детски очи.

ПОТЕРА

Ангела Николовска - зајак, Ана Стаменковска - куче, Дарко Николовски - ловец, и Ребека Николов - лисица настапија со скечот *Потера*. Секој од нив научи и по некоја песничка и ни се претставија во местата Стражишче (во рамките на Мајските денови на македонската култура) и во Нова Горица при поделувањето на ученичките книшки.



*Извадок од „Со игра против дрогата"*

ЛЕКЦИЈА

Професор - Весна Кржовска, слугинка – Катица Атанасова, ученик – Зорица Ристовска се претставија со драма од Еуген Ионеску со наслов *Лекција*. За настап на часовите на дополнителна настава по македонски јазик и национална култура ги подготви проф. Дарко Јан Спасов од Кочани.

САНДАЦИ

Рози Соколова (Киро), Весна Кржовска (Спиро), Соња Кржовска (српски царинарник) и Даниела Андреска подготвија скеч *Сандаци*, кој што го гледаа на Македонската телевизија. Безброј проблеми на македонците Киро и Спиро им создаваше српскиот царинарник на Српското – Македонската граница. Никако не можеа да му раскажат зошто им се потребни толку многу сандаци во нивната држава Македонија.

ПЕПЕРУТКИНИОТ ВТОР РОДЕНДЕН

Ангела и Дарко Николовски ја преведоа играта од словенечки на македонски и потоа на часовите по дополнителна настава по македоснки јазик и национална култура, учениците заедно со Весна Кржовска ги подготвија облеките и го научија текстот.

Претставата за прв пат јавно ја прикажаа во Н. Горица, по повод поделувањето на ученичките книшки на учениците што ја посетувале дополнителната настава по македонски јазик. Настапија Ангела Николовска - пеперутка, Ана Стаменковска - жаба, Виктор Кочоски - стршлен, Јелена Мицова – скакулец, Нина Јаковлевиќ – бубамара, Ања Карафатска – пчела, Дарко Мицов – плашило, Давор Мицов - штурче, Александар Кочоски – зајче и Дарко Николовски – пајак.

Драмската секција на МКД Св.Кирил и Методиј-Крањ во април и мај

2010 година се претстави со поучната претстава „Z IGRO PROTI DROGI“ (Со игра против дрогата) во десет основни училишта во Горењска. Благица Јорданова родена Петрова, напишува три сцени, подоцна се допишуваат и нови. Во барањето на заинтересирани деца за играње во претставата се вложува многу енергија. Екипата на актери ја сочинуваат: Јелена Мицова, Дарко Николовски, Андреј Сарафимов, Ребека Николов, Анита Алексова, Ања Карафатска, Даниел Алексов, Ангела Николова, Соња Кржовска и Каролина Николова. Екипата сама изработува кулиси. Христина Петрова црта цртеж кој се користи како промоциски плакат. Даниела Андреска спрема кулиси за настап. За организирање на настапи во училиштата се грижи Весна Кржовска. Покрај настапите во основните училишта се претставија и во Македонскиот културен центар, на отворањето на 18-тите Мајски денови на културата, посветени на браќата Св. Кирил и Методиј. Исто така настапија и во Музејот на град Љубљана, каде актерите беа во поинаков состав - настапија Александра Николов, Ника Белехар, Анастасија Проданска, Христина Петрова, Јелена Мицова, Дарко Николовски и Андреј Сарафимов.



*Извадок од „Со игра против дрогата“*



*Драмската секција се претставува во ОУ „Симон Јенко“*

Благодарност до софинансиерите на проектот: Fundacija Vincenca Draksler-ja, г-ѓа Тања Козина, г-дин Бено Фекоња, LRF Gorenjske и CEE Trust.

## Секција за информирање - информациски центар Св.Кирил и Методиј-Крањ со прирачна библиотека и ревиалниот весник НАШЕ СОНЦЕ

Веднаш по формирањето на МКД Св.Кирил и Методиј-Крањ, се формираат и започнуваат да работат и неколку секции во рамките на самото друштво. Идејата за формирање на секција за информирање се појавува малку подоцна, во 1994 година, но потполно заживува дури во 1997 година, кога и се формира оваа секција, како новинарска секција која на почетокот дејствува во приватниот стан на тогашниот претседател на друштвото, г-динот Атанас Продански. Во годината на формирање, новинарската секција веќе го издава првиот број на весникот НАШЕ СОНЦЕ, преку кој ги информира сите членови на друштвото, симпатизери и останати граѓани за активностите и случувањата во друштвото, како и за работењето и развојот на другите секции кои се застапени во друштвото.

Досега МКД Св.Кирил и Методиј-Крањ има издадено 13 броја на весникот НАШЕ СОНЦЕ.

Првите 5 броја на весникот кои излегуваат во периодот од 1997 до 2000 година се под уредништво на Зоран Продански, а со сопствени прилози имаат учествувано: Наташа Постолова, Билјана Петрова, Билјана Миленкова, Игор Велов, Борче Стојков, Зекирија Шаиноски, Нина Хладник, Мирче Младенов, Златко Ангелов, проф. др. Драги Стефанија, Наум Таштаноски, др. Илија Димитриевски и Атанас Продански.

Автор на шестиот број, кој излегува во јануари 2004 година е Миладин Младенов. Свој придонес во овој број на весникот имаат и Весна Кржовска, Весна Младенова, Аспарух Михајлов – Пуч, Драган Кржовски, Дарко Јанко Спасов, Александар Младенов, Миладин Младенов, Даниел Ананиев, Рената Ананиева, Даниел Атанасов, Розика Соколова, Сања Симоновска, Наташа Димитрова и други.

Последните 7 броја, кои излегуваат во периодот од ноември 2006 година до декември 2011 година се под уредништво на Игор Захариев, а со сопствени прилози имаат учествувано: Миладин Младенов, Весна




*НАШЕ СОНЦЕ бр.3*




*НАШЕ СОНЦЕ бр.8*




*НАШЕ СОНЦЕ бр.13*

Кржовска, Даниел Атанасов, Сандра Симоновска, Дарко Атанасов, Весна Алексова, Зекирија Шаиноски, Андриана Георгиева, Драгана Ефремова, Катарина Герасимова, Ивица Боболински и други.

Со добивањето под наем и адаптацијата на просториите на МаКуЦ, во 2004/2005 година, секцијата за информирање добива своја училница. Училницата подоцна се опремува со компјутери кои се поврзуваат во мрежа и се обезбедува интернет приклучок. Во истата просторија во план е отварање на прирачна библиотека.

Во 2006 година од страна на Игор Захариев беа изработени и 2 интернетни страни на друштвото, кои се наоѓаат на следните адреси: www.mkd-kim.si и www.mkc-kranj.si. Со поставувањето на интернетните страни информирањето и известувањето на нашите членови и симпатизери се поедностави. Интернетните страни се постојано обновуваат и ги содржат сите актуелни информации во врска со друштвото, содржат многубројни фотогалерии и овде можат да се најдат сите броеви на весникот НАШЕ СОНЦЕ во електронска форма.




*www.mkd-kim.si*




*www.mkc-kranj.si*

## Добитници на признанија по повод 20-годишнината од основањето на друштвото

Голем е бројот на поединци и правни субјекти, кои во текот на 20-годишното постоење на МКД Св.Кирил и Методиј-Крањ, дале свој придонес во основањето, одржувањето, зајакнувањето и промовирањето на друштвото. На денот на отварањето на 20. Денови на македонската култура во Крањ, на најголемиот дел од овие заслужни физички и правни лица, во знак на благодарност, им беа врачени посебни признанија.




*Од лево: Миладин Младенов, Ивица Калинова, Атанас Продански, др. Илија Димитриевски, министерот за надворешни работи на Р. Македонија, Никола Попоски, македонскиот амбасадор во Словенија, Игор Попов, градоначалникот на МО Крањ, Мохор Богатај и претседателот на друштвото Игор Захариев*

На свеченоста на која присуствуваа министерот за надворешни работи на Република Македонија, г-динот Никола Попоски, амбасадорот на Република Македонија во Република Словенија, г-динот Игор Попов, градоначалникот на Општина Крањ, г-динот Мохор Богатај и други гости, признанијата ги подели претседателот на МКД Св.Кирил и Методиј-Крањ, г-динот Игор Захариев.

Добитници на признанија се:

**Златна значка:**

1. др. Илија Димитриевски

Како еден од основачите, активно работи сè од формирањето на друштвото: четири мандати како претседател, програмски раководител, претседател на НО, претставник на друштвото, секретар, потпреседател и претседател во Сојузот на МКД, потпретседател и претседател во Сојузот на Сојузите на КД во Словенија, програмски раководител во изградбата на МаКуЦ и донатор. 2000 година е добитник на медал св. Јован Кукузел, од Министерството за иселеништво на Р. Македонија за посебен придонес од областа на културата и добитник на Големата плакета на општина Крањ. Др. Илија Димитриевски е почесен член на друштвото.

2. Атанас Продански

Во друштвото работи од формирањето: 4 мандати како претседател, раководител на фолклорната група, член на претседателството и потпретседател на Сојузот на МКД во Р. Словенија, донатор, оперативен организатор во изградбата и оддржувач на МаКуЦ. Тој е почесен член на друштвото.

3. Глигор Калинов

Беше еден од основачите и првиот претседател на друштвото во два мандати. Откако одлежа тешка операција, во друштвото дејствуваше како поддршка, беше и донатор во изградбата на МаКуЦ. Беше почесен член на друштвото. Наградата ја прими неговата сопруга, Ивица Калинова.




*Златна значка*

4. Миладин Младенов

Во друштвото работи од основањето: четири мандати како потпретседател, беше еден од носителите на фолклорната секција, учествуваше во многу настапи во земјава и странство. Како квалификуван градежник, активно учествуваше и донираше во изградбата на МаКуЦ.




*Министерот Попоски и добитниците на златна значка*

**Сребрена значка:**

1. Методија Јосифоски

Тој е еден од основачите и основачки член на друштвото. Повеќе мандати беше благајник, секретар и член на управниот и надзорниот одбор на друштвото, со кратки прекини. Активно учествуваше и донираше во изградбата на МаКуЦ. Тој е почесен член на друштвото.




*Добитниците на сребрена значка*

2. Боро Цеков

Тој е еден од основачите и основачки член на друштвото. Два мандата беше потпретседател на друштвото, повеќе мандати претседател и член на надзорниот одбор и член на управниот одбор. Беше првиот раководител на фолклорната секција, а подоцна и уште неколку мандати. Активно учествуваше и донираше во изградбата на МаКуЦ. Активно учествува во реализацијата на

поголемите проекти во  друштвото (ЕТНО-ФОЛК, Василица …).

3. Анче Николовски

Тој е еден од основачите и член на управниот одбор на друштвото. По кратка пауза, повторно се активираше во УО и во другите органи на друштвото (НО и  судот на честа). Оперативно води групи при поголеми проекти во друштвото.

4. Добре Арсовски

Тој е еден од основачите на друштвото и во текот на целиот период континуирано работи во УО и НО, како претседател или член. Тој е првиот раководител на спортската секција во друштвото пред сè на фудбалската секција.

5. Стојче Стојанов

Тој е еден од основачите на друштвото, член на УО и на другите органи на друштвото, иницијатор и заслужен член на фолклорната група. Активно соработува во реализирањето на поголеми проекти во друштвото (ЕТНО-ФОЛК, Василица …).

6. Даниел Атанасов

Тој е долгогодишен член на фолклорната група. Два мандата беше секретар на друштвото. Во последно време е раководите на фотографската секција. Активно учествува во реализирањето на поголемите проекти во друштвото (ЕТНО-ФОЛК, Василица …).

7. Дарко Атанасов

Тој е долгогодишен член на фолклорната група. Активно учествува во реализирањето на поголемите проекти во друштвото, како организатор и водител (ЕТНО-ФОЛК, ПРЕШЕРН’ново ОРО, Василица …). Придонесува во создавањето на изгледот на друштвото, повремено се занимава и со фотографирање.

8. Сандра Газиновски

Таа е долгогодишен член на фолклорната група. Активно учествува во реализирањето на поголемите проекти во друштвото, како организатор и водителка (ЕТНО-ФОЛК, Ликовна мултилатерала, ПРЕШЕРН’ново ОРО, Василица ...).

9. Венцо Зашев

Венцо Зашев е долгогодишен и најискусен член во фолклорната група со соло настапи во сплетовите. Има учествувано на многу настапи во земјава и странство. Беше долгогодишен раководител на фудбалската секција и фудбалски судија со лиценца. Во последните мандати беше и член на органите во друштвото.

10. Весна Кржовска

Таа  е долгогодишна членка на фолклорната група, благајник и член на УО и НО во друштвото. Учествуваше на многу настапи во земјава и странство. Активно учествува во реализирањето на поголемите проекти во друштвото (ЕТНО-ФОЛК, Василица …).

11. Пане Кржовски

Тој е долгогодишен член на друштвото и на УО. Донираше и активно учествуваше во изградбата на МаКуЦ и до ден денес се грижи за техничкото одржување на објектот. Активно учествува во реализирањето на поголемите проекти во друштвото (ЕТНО-ФОЛК, Ликовма мултилатера, Василица …).



*Поделување на признанија*

12. Душан Симоновски

Тој е долгогодишен член на друштвото, благајник и член на УО и другите органи.Во изградбата на МаКуЦ активно соработуваше и ја помогна со донација. Активно соработува при реализацијата на поголемите проекти во друштвото (ЕТНО-ФОЛК, Ликовна мултилатерала, Василица …).

13. Соња Цекова Стојаноска

Долги години беше член на фолклорната група. Прва ја организираше драмско-рецитаторската секција, пишуваше текстови и настапуваше во главните улоги. Активно учествуваше во реализацијата на поголемите проекти во друштвото, како организатор и водителка (ЕТНО-ФОЛК, Ликовна мултилатерала, ПРЕШЕРН’ново ОРО, Василица …).

14. Благица Крстева

Долги години беше член на фолклорната група, помошник кореограф и член на музичката група-тапани. Учествуваше на бројни настапи во земјава и странство.

15. Ивица Боболински

Тој е долгогодишен член на фолклорната група, во последно време раководител на фудбалската секција. Учествуваше на бројни настапи во земјава и странство. Активно учествува во реализацијата на поголемите проекти во друштвото (ЕТНО-ФОЛК, Василица, Majski denovi na makedonskata kultura …).

16. Даниел Ефремов

Тој е долгогодишен член на фолклорната група, од неодамна и раководител на фолклорната секција. Учествуваше на бројни настапи во земјава и странство.Активно учествува во реализацијата на поголемите проекти на друштвото (ЕТНО-ФОЛК, Василица …).

17. Александер Клеменчич, дипл. арх.

Активно се вклучи во подготовката на внатрешната распределба и концептот на градежниот дел и бесплатно го изработи градежниот план.

18. Дарко Зорко

Бесплатно го изработи и процени градежниот проект за обнова на Македонскиот културен центар и повремено вршеше надзор над изградбата.



*Поделување на признанија*

19. Јанез Јареб, дипл. инж.

Бесплатно го изработи и процени планот за енергетскиот дел од проектот за обнова на Македонскиот културен центар и вршеше надзор над изградбата.

20. Љубен Димкароски

Беше носител на организацијата и музичка поддршка на првите културно-забавни манифестации, кои подоцнаа прераснаа во денови на македонската култура и активно настапуваше со ВИС СТРУНА и ансамблот ПЕЛА.

21. доц.маг. Боге Димовски

Под негово професионално раководство нашите повремени ликовни изложби прераснаа во препознатлив проект Ликовна мултилатерала. Ги напиша ликовните критики за повеќе од дваесет самостојни изложби, поголем дел на академски уметници, кои изложуваа во галеријата на Св.Кирил и Методиј-Крањ, во рамките на Македонскиот културен центар. Неговите ликовни критики ги поттикнуваа уметниците, а ја едуцираа публиката.

22. Маруша Августун, ликовен критичар

Таа е прва стручна соработничка при организацијата на ликовните изложби и подготвувањето на ликовните критики од почетокот на дејствувањето на ликовната секција на МКД Св.Кирил и Методиј-Крањ, сè до изградбата на МаКуЦ.

23. Данијел Димитров

Долгогодишен член на фолклорната група, учествуваше на многу настапи во земјава и странство.

24. Димчо Ангелов

Гледано според придонесот во изградбата на МаКуЦ беше најамбициозен, пред сè во делот каде се вршеше заварување. Негов најголем придонес е изработката на бината за настап на играорците.

25. Маја Коминкоски

Долгогодишен член на фолклорната група, учествуваше на многу настапи во земјава и странство.

26. Катарина Герасимова

Долгогодишен член на фолклорната група, учествуваше на многу настапи во земјава и странство.



*Поделување на благодарници*

27. Драгана Ефремова

Долгогодишен член на фолклорната група, учествуваше на многу настапи во земјава и странство.

28. Розика Соколова

Долгогодишен член на фолклорната групаа во последно време раководител на детската фолклорна група. Учествуваше на бројни настапи во земјава и странство.

29. Џевад Абаз

Многу години работеше како кореограф и инструктор на фолклорната секција. Подготви и постави над десет кореографии со кои настапувавме на повеќе од триесет манифестации во земјава и странство.

30. доц. др. Намита Субиото

Нејзината помош во развојот на проектот ПРЕШЕРН’ново ОРО е непроценлива. Првите поединечни контакти помеѓу македонските и словенечките писатели преминаа во редовни и организирани средби, како во МаКуЦ, така и со студентите по македонистика на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Љубљана.

31. Кристина Савиќ

Долгогодишен член на фолклорната група, учествуваше на бројни настапи дома и во странство.

**Бронзена значка:**

Лидија Јаловец, Станко Атанасов, Гојко Велков, Љубе Димитров, Грозде Беќарски, Методи Златков, Ефтим Зашев, Крсто Тасев, Павлинка Стаменковска, Геро Стаменковски, Весна Младенова, Миле Атанасов, Зоран Продански, Билјана Цвјетиќанин, Билјана Миленкова, Зоран Митев, Исмет Аллиевски, Јагода Боболинска, Димитри Илиевски, Оливер Илиевски, Гордана Николовска, Нина Хладник, Наташа Постолова, Бранко Георгиев, Милевка Атанасова, Јовица Антов,А на Стаменковска, Ребека Николов, Бобан Поповски, Дејан Јангелов, Силвана Петрова, Иглика Димитрова, Станка Соколова, Невенка Младенова, Кристина Јосифоска, Дафинка Георгиева, Илинка Ефремова, Весна Кржовска, Зекирија

Шаиноски и Раде Стоилов.

Бронзената значка беше поделена за повеќе од пет годишна работа во органите и секциите на друштвото, односно за придонес во изградбата на заедничките простории на друштвото и промоција на целите за работа и вредностите на Македонското културно друштво Св.Кирил и Методиј-Крањ.




*Добитници на плакети*

**Благодарница:**

Марина Јововиќ, Крсте Поп Стефанија, Љупчо Јанчов, Трајче Коцев, Гоче Манчев, Киро Тошик, Герасим Кржовски, Трајче Миленков, Атанас Беќарски, Царка Стојанова, Добринка Атанасова, Перо Ристовски, Бошко Беќарски, Иле Филипоски, Маја Антова, Сузана Ристовска, Зорица Ристовска, Душко Костадинов, Љупчо Боболински, Катица Атанасова, Каролина Николова, Милица Златков, Добринка Антов, Елизабета Николов, Лолита Герасимова, Билјана Герасимова, Јорданка Тасева, Лилјана Николова, Лила Проданска, Билјана Атанасова, Ацо Ѓоноски, Филипо Дамјанов, Пеце Коминкоски, Мирјам Абазова, Стојан Карафатски и Ања Карафатска.

Благодарницата беше доделена за повеќе годишна работа во органите и секциите на друштвото, односно за придонес во изградбата на заедничките простории во друштвото и промоција на целите за работа и вредностите на МКД Св.Кирил и Методиј-Крањ.

**Плакети:**

Општина Крањ

За сеопфатна поддршка во спроведувањето и афирмацијата на програмите кои ги подготвува МКД Св.Кирил и Методиј-Крањ, кои ги надминуваат вообичаените односи до изведувачите на културни настани во општина Крањ.

Амбасада на Република Македонија во Република Словенија

За многу успешна соработка во презентацијата на работата на МКД Св.Кирил и Методиј-Крањ и вклучување на наши членови и секции во протоколарни посети на високи претставници од Република Македонија.

САВА, д.д., МАКТРАНС, д.о.о., АВТОШОЛА ЕКСПЕРТ, д.о.о. АВТО АЛЕКС, Александер Арсовски, с.п., НОВАТЕКС, д.о.о., ВИНОЈУГ, д.о.о., ЗЕБРА, д.о.о., МАКЕДОНИЈА ТРАДЕ, д.о.о., КАРА, д.о.о., Влатко Донев, Билјана Томов и ресторан ПРИ МАТЕВЖУ.

На горенаведените фирми и поединци плакетата им беше доделена за донација и поддршка во спроведувањето на програмите на МКД Св.Кирил и Методиј-Крањ.

Благодарност до сите оние што дадоа свој придонес во успешното работење на друштвото.

**Посебна благодарност до:**

МО Крањ

Јавен фонд на РС за културни дејности

Амбасада на Република Македонија во Република Словенија

Министерство за култура на Република Словенија

и претпријатијата:

TABAKUM Export-Import, d. o. o., Novo mesto

SAVA, d. d., Kranj

SAVATECH, d. o. o., Kranj

MAKTRANS, d. o. o., Ljubljana

AVTOŠOLA EKSPERT, d. o. o., Kranj

AVTO ALEX, Aleksander Arsovski, s. p., Naklo

NOVATEKS, d. o. o., Ljubljana

VINOJUG, d. o. o., Šenčur

ZEBRA, d. o. o., Kranj

MAKEDONIJA TRADE, d. o. o., Ljubljana

ALKALOID, d. o. o., Ljubljana

KARA, d. o. o., Tržič

Gostilna "Pri Matevžu", Kranj

Biljana in Zoran Tomov - Avstrija

Miladin Mladenov, s. p., Preddvor

GOLDY, Metodi Zlatkov, s. p., Kranj

SA-MI, Gazinkovski, s. p., Kranj

Foto Daniel Atanasov